**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 јуни 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господа пратеници,

Ја отворам Сто триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ружди Матоши, Мендух Тачи, Замир Дика, Али Ахмети, Фазли Велиу, Џезаир Шаќири, Марјан Ѓорчев, Јанаќе Витановски, Каролина Ристова, Рафет Муминовиќ, Абдуладი Вејсили, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоилова Цветановска, Сашко Кедев, Г'зим Острени и Никола Ќуркчиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од 136-та седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека записникот од 136-та седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Оваа седница е свикана по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници, а во меѓувреме Владата на Република Македонија предложи Собранието да го дополни дневниот ред на оваа седница со Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.

Бидејќи сега сме околу изгласувањето на дополнувањата, исто така и околу изгласувањето за итноста, а има вкупно 35 картички подигнати објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата продолжи во 11,32 часот)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Продолжуваме со работа.

Предлогот за донесување по итна постапка на законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик со Предлог на закон, Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Владата го достапи Предлогот за измени и дополнување на Кривичниот законик по итна постапка, поради поврзаноста на овие измени со парламентарните избори 2006 година, бидејќи се менуваат одредбите за санкции за кривичните дела поврзани со избори и гласање, со цел да се заостри казнената политика во однос на овие кривични дела. Токму затао сметаме дека е неопходно да се стават на дневен ред овие измени.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи дневниот ред има две точки, предлагам Предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни пратеници, 60 гласале, 56 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници и

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни пратеници, 56 гласале, 54 за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе,

Мене навистина ми е жал што сега на крајот, да не речам ова е една од последните седница, грубо го кршите Деловникот. Навистина не е потребно тоа да го правите затоа што пред да се гласа дневниот ред, прво или треба да констатирате дека овој дневен ред нема да се проширува со други точки, па Собранието да се изјасни, или да прашате дали има некој предлог дневниот ред да се дополни, па дури после да се гласа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, јас го дадов предлогот да не се проширува дневниот ред со други точки и тука глаславме и тоа го изгласавме.

**Жарко Караџоски:** Вие го ставивте дневниот ред на гласање.

**Љупчо Јордановски:** Не. Јас претходно прашав и предложив да не се проширува дневниот ред и тоа го ставам на гласање. Не знам дали вие бевте во тек и го следевте моето обраќање.

**Жарко Караџоски:** Јас не го слушнав. Имаше галама и не го слушнав.

**Љупчо Јордановски:** Господа пратеници,

Јас знам дека сите сме во некоја посебна, да кажам, состојба, но премногу се зборува и не можеме да се сослушаме едни со други. Јас кажав, еве и сценариото е тука, предложив дневниот ред да не се проширува со други точки и тоа се изгласа со 60 гласа, од 70 присутни пратеници.

**Жарко Караџоски:** Добро.

Имам и друго процедурално.

Сега го изгласавме дневниот ред, или не.

**Љупчо Јордановски:** Точно, го изгласавме дневниот ред со овие две точки.

**Жарко Караџоски:** Добро.

Почитуван претседателе, јас од името на пратеничката група ќе барам еден час пауза, а ќе образложам зошто.

Прво, мислам дека повторно станува збор за една процедурална грешка. Имено, со овој дневен ред кој е усвоен се наоѓа точка на дневен ред, Предлог за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Ваква точка на дневен ред ние имаме, ако не се лажам, на 135-тата седница. Тоа е овој закон кој еднаш беше усвоен од страна на Собранието, а вретен од Претседателот на државата, кој не го потпиша. Ние како Собрание, како пратеници имаме интегрален текст на тој закон. Процедурата е, со оглед на тоа што Владата поднесува исти закон, а со оглед што овој закон е вратен од страна на Претседателот на државата, Собранието мораше претходно да одлучи по тој закон, дали го прифаќа, или не. Доколку Собранието не го усвоеше тој закон, тогаш можеше да се оди со една ваква точка на дневен ред. Мислам и убеден сум дека е прекршување на процедурата. Не ми е јасно зошто Собранието, иако имавме можност, простор и време да се изјасниме за тој закон, тоа не го направиме, па дури тогаш Владата да оди со еден ваков закон. Но, независно од сето тоа наше убедување е дека е направена процедура која не е во согласност со Деловникот, не е во согласност со Уставот, на крајот на краиштата, затоа што за еден закон за кој Собранието гласало со 65 пратеници, требаше да има можност да се произнесе уште еднаш, а не сега да одиме со нова верзија. Значи, барам еден час пауза за да се подготвиме по однос на овој текст што сега ни се нуди и евентуално да интервенираме амандмански по овој текст.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски добро кажавте, вие сте убедени, или мислите дека Деловникот е прекршен. Но, тоа што вие го дискутиравте никаде во Деловникот не е регулирано и тоа е ваша интерпретација. Секако, не можете да биде сигурно дека и тој закон нема да дојде на дневен ред за време на овој мандат.

**Жарко Караџоски:** Пропишано е во Деловник претседателе, член 179.

**Љупчо Јордановски:** Јас го знам тој член, но зошто сте сигурни дека тој закон нема да дојде на седница на дневен ред. До изборите ние имаме уште 20 дена.

**Жарко Караџоски:** Дозволете, да не испадне дека сега овде нешто зборувам напамет, јас ќе го прочитам член 179. Тој вели:

“Претседателот на Собранието, веднаш по донесување на законот (се мисли на Кривичниот законик), го доставува до Претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот (што и го направивте, а кое нешто Претседателот на државата не го потпиша).

Ако Претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот (кое нешто е и направено) за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува Предлогот на законот во рок од 30 дена од денот на донесување на законот”.

Ние го немаме разгледа тој закон во рок од 30 дена, а сами напоменавте дека ова е последна седница. Според тоа, грубо ја кршиме процедурата пропишана во членот 179. Ова да не е последна седница, да сме во некој нормален тек на Собранието, можеби би било во ред, иако повторно имаме еден ист закон. Да не го читам сега членот 175 од Уставот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, тој закон е на дневен ред и воопшто не можете да предвидите дали до самите избори нема да дојде воопшто тој закон.

Сега да не драматизираме, јас би ве замолил, бидејќи до сега во овие четири години бевме конструктивни и тоа го одликува овој Парламент, можам да Ве замолам нешто, барем првата точка да ја поминеме, па после ќе дадам пауза од еден час.

**Жарко Караџоски:** Барам пауза од еден час.

**Љупчо Јордановски:** Еден час пауза.

(По паузата седницата продолжи во 12,50 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(по утврдувањето на бројот на пратениците од страна на службите)

Се надевам уште тројца пратеници ќе дојдат во меѓувреме, а ние можеме да почнеме со работа.

**Преминуваме на првата точка-Предлог одлука за прераспредлеба на средства меѓу буџетските корисници**

Предлог одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Фали уште еден пратеник за да можеме да гласаме.

(во салата влегуваат пратеници)

Благодарам, сега имаме 61 пратеник во салата. Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

61 пратеник е присутен, 58 пратеници гласале, од нив 58 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Преминуваме на втората точка -Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик**

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани за бришење на член 341 и член 353 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандман на член 353 за менување на став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 341, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Имаа збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, во моментов го добив овој амандман и секој момент очекувам службите од Министерството за правда да го проверат за да ми издиктираат, за да можам да се произнесам.

**Љупчо Јордановски:** Ќе почекаме 15 минути.

(по консултација со министерот)

Објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 13,00 до 13,32 часот)

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 341, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски:

Повторно го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Госпоѓо Младеновска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓоргиевска:** Амандманот не се прифаќа од причина што по консултациите што во меѓувреме ги направив во Министерството за правда и Министерството за одбрана, вакви измени, нови доизменети предлози би можеле да следуваат по октомври месец, затоа што до октомври месец има на опслужување воен рок од страна на редовниот состав во Армијата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Господине Караџоски, повелете имате збор.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, почитувани колеги,

Мотивацијата поради која го поднесов овој амандман е тоа што во меѓувреме додека се донесе, односно додека се достави овој закон, се случија измените во Закоот за одбрана, по што на сите ни е јасно дека повеќе нема да има служење на воен рок онака како што беше предвидено досега, значи активен воен рок, затоа што според стандардите на НАТО воениот рок од сега натаму ќе биде професионален.

Со поднесувањето на овој амандман иницирам само една работа, која и сегашната а веројатно и идната Влада ќе треба да ја има предвид дека кривичната материја е материја која е активна и доста поврзана со останатите закони, така што мора да ги следи и тие закони, за да имаме навистина прецизна регулатива.

Апсолутно немав намера да кажам дека овој амандман мора да биде прифатен, но добро е да се проанализира, односно да се земе обврска дека оваа материја, значи Кривичниот законик и со овој амандман, како и со оние кои следат, за кои ќе дискутираме потоа, навистина е материја која треба да се преуреди. Ние ја чувствуваме и разбираме потребата од поднесувањето и донесувањето на еден ваков закон во целина, затоа што мораме да го поврземе со изборното законодавство, но еднаш мора да прекинеме со една пракса, кога обично законите ги менуваме само по еднократна употреба. Кривичниот законик мора да претрпи измени се со цел да биде законик кој ќе биде пред криминалот или законик кој ќе го спречува сето ова.

Јас нема да го повлечам амандманот, ќе оставам простор самите пратеници да се изјаснат со гласање и мислам дека не е штета и ако се усвои овој амандман, затоа што на крајот на краиштата, октомври не е далеку, не мора да значи дека кој знае што може во меѓувреме да се случи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата, а пратеници ги молам да влезат во салата.

Во салата се присутни 57 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата..

(во салата влегуваат повеќе пратеници)

Благодарам, во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 55 пратеници, 7 пратеници гласале за, еден вбоздржано, и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандмано на член 353 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓоргиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Веднаш на почетокот ќе се извинам и на колегите пратеници, и на вас и на претставникот на Владата, а и на граѓаните на Република Македонија што ќе бидам малку подолг во образложението на овој амандман кој го поднесувам и би сакал да ми дозволите и да имате трпение да објасниме што е она што го предлагаме со овој амадман.

Во прилог на сето ова што ќе го образложувам и со амандманот е и тоа што подолго време во јавноста има ше разни дискусии, разни шпекулации, разни ставови во смисла на тоа што е целта и што треба да се постигне со амандманот на членот 353 став 1. Заради тоа мислам дека една добра дебата и едно добро образложение ќе биде во прилог да дојдеме до реалната вистина.

Што е тоа што ние го предлагаме, дозволете ми да го прочитам текстот на членот 353 став 1, кој што е сега во Законот. Таму се зборува дека службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета и за таквото дело ќе се казни со затвор од 6 месеци до 3 години. Што е тоа што ние го предлагаме, јас ќе го прочитам амандманот. Текстот на членот 353 став 1 би гласел: Службено лице што со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност со противзаконско дејствие кое е предвидено во посебен закон ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од 6 месеци до 3 години.

Ова е амандманот, ова е текстот на членот 353 став 1, кој ние го предлагаме и мора да потенцирам дека овој амандман е идентичен со амандманот на претходниот Кривичен законик, односно Измените и дополнувањата на Кривичниот законик кој што Собранието на Република Македонија го изгласа, а претседателот на државата не го потпиша и го врати на Собранието на повторно одлучување по него. Тој е сега составен дел на оној интегрален текст кој што го имаме и кој што требаше претходно, како што кажав на почетокот на оваа седница, Собранието да се изјасни во однос на тој интегрален текст за да можеме да дискутираме во однос на еден ваков Предлог на закон.

Што предизвика толку полемики во јавноста, јас ќе морам тоа да го образложам, поточно да ги потсетам и пратениците, но и јавноста во Република Македонија што е тоа што предизвика огромна полемика.

Прво потврдивме и со претходниот амандман и докажавме дека кривичната материја, кривичното законодавство е жива материја која треба да трпи промени во согласност со општествените промени во Република Македонија. Да не заборавиме дека членот 353, кој ја регулира злоупотребата на службената положба и овластување во Кривичниот законик, е член кој е рецидив на претходното општество или да го наречам едноумие, член кој што е преземен од тогашната Социјалистичка Република Македонија или тогашната Федерација во која бевме. Мотивите за тоа дело така како што е формулирано на сите ни се јавно познати, во еден систем на едноумие се применуваше и прибегнуваше најчесто кон дефинирање на некои одредби кои во својата содржина содржат бланкетна диспозиција. За жал, членот 353 е бланкетна диспозиција, тоа е бланкетна норма. За да полесно ме разберат и граѓаните, но и пратениците овде во Собранието, дозволете ми да објаснам што е тоа бланкетна норма или бланкетна диспозиција.

Самиот поим, самиот збор бланкетна доаѓа од францускиот израз бланк, бланш кој што значи бел, чист или празен, или непополнета правна норма, така би можеле да го преведеме, некоја правна норма која е непополнета. Тоа е таква кривично правна одредба која содржи законски опис за одредено кривично дело, но со содржина со која за одредено обележје или карактеристика од тоа дело за точниот опис на забранетото поведение се упатува на некој друг пропис. Дури со откривањето или со читањето на тој друг пропис или поточно со негова помош се добива целосна слика за општественото опасно поведние на сторителот, кое ако биде повредено тогаш за сторителот на повредата со бланкетната одредба се пропишува и соодветна санкција. Значи кај бланкетната норма или кај бланкетните прописи законодавецот може за санкцијата да препушти да ја определи: 1. Субјектот што ќе ја примени таа норма, а тоа е најчесто судот или некаде и управен орган, потоа, органот што ги пропишува нормативните акти, а тоа се овластените органи што ги донесуваат подзаконските акти, па така ако во законот е речено дека санкцијата ќе ја пропише некој понизок орган со овој нормативен подзаконски акт и сл, тој орган ќе ја пропише и санкцијата. Како што е познато, меѓу овие две врсти на бланкетни норми или прописи постои голема разлика. Во секој случај, кај бланкетните норми одкако ќе бидат пропишани со себе носат и одредена опасност за правниот поредок на земјата. Јас морам да потенцирам дека оние земји со поголемо искуство во примената на правото или оние земји за кои најчесто можеме да кажеме дека се земји во кои функционира правната држава и од кои до ден денес учиме и го применуваме тоа, најчесто истакнуваат во своето кривично законодавство или во Кривичниот законик избегнуваат да применуваат бланкетна диспозиција, поточно бланкетна норма. Која е таа опасност за која овде зборувам, за која ќе

зборувам и понатаму? Прва и можеби една од најголемите опасности е тоа што бланкетните норми носат опасност што можат да создадат клима за нивната нееднаква примена . Поради предимензионираноста на одредбата се создава можност нееднакво и да се толкува, а имавме прилика во нашето секојдневие во сите овие 15 години и да го почувствуваме тоа. Различната примена доведува до нарушување на човековите права, а сите ние овде се трудиме и правиме се човековите права да бидеат издигнати на највисок степен, да не дојде до нивна злоупотреба. Затоа, иако по некој пат се чини дека одредбите се неопходни, законодавците во многу земји ја избегнуваат нивната честа примена, а за нивна замени или даваат целосен опис на дејствијата на сторителот, или дејствијата ги поврзуваат исклучиво со повреда на законска норма.

Втората опасност која неможе да се избегне е тоа што бланкетните норми се поврзуваат со некој подзаконски акт, а тоа доведува до нееднаква примена на кривично-правната одредба. Нееднаквата примена на законските одредби спрема различни граѓани од случај до случај придонесува за нарушување на мирниот и просперитетен развој на демократијата во една земја. Нееднаквата примена на Кривичниот закон од случај до случај спрема различни граѓани различно му штети на правниот поредок во земјата. Неопходно е граѓаните да бидат еднакви пред Законот, тоа е заложба и тоа е Уставна одредба и затоа во меѓународните документи е утврден широк систем на забрани со кој се настојува да се спречи нееднаквата примена на законите, односно со него се спречува да бидат прекршувани правата на граѓаните на друг начин. На пример, во член 3 забрана од тортура, член 5 право на слобода и сигурност, член 6 право на правично судење, член 7 нема казна без закон, член 8 право на почитување на приватниот и семејниот живот, член 9 слобода на уверување, совест и религија-сето тоа се граѓански права за кои зборувам, член 10 слобода на изразување, член 14 забрана на дискриминација и други од Европската конвенција за заштита на човековите основни слободи и права. Ние сме потписници на таквата Конвенција и самиот факт што тоа е Конвенција на с не обврзува да ја применуваме.

Ако кон овие бројни забрани се приклучиме и со одредбите на Уставот на Република Македонија, со членот 54 став 3 и 4 и со многу други, ќе видиме дека со забраните меѓу другото дискриминацијата по основа на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално и социјално потекло, имотна или општествена положба, политичко или верско убедување, а според тоа и дали граѓанинот припаѓа на една или друга политичка партија е утврдено и гарантирано во човековите права и Уставот. Последното, значи членувањето во политичка партија треба да се разбере и вака: Во зависност од припадноста спрема една или друга политичка партија, спрема граѓаните не смее да се практикува нееднаков однос. Народски речено, потребно е спрема нив без исклучок со еднакво аршин да се мери одговорноста и според таквата мерка спрема секој да се применува правото, односно спрема нив еднакво да се применуваат законите. Поради нееднаквата примена на законите, а за која во најголема мера придонесуваат нормите кои имаат бланкетна диспозиција за која цело време зборувам, спрема различни граѓани различно се врши и пресија врз слободите и правата на граѓаните. Поради тоа граѓаните се чувствуваат безнадежни, исплашени и загрозени за својата лична безбедност.

Токму заради овие причини не е исклучено граѓаните да почнат прикриено или отворено да негуваат или неприкриено кон сопствената цел да искажуваат и чувство на одредени несогласувања, па дури и омраза. Токму поради нивниот нееднаков третам со останатите граѓани, а како граѓани погодени со нееднаквата примена на законот, во секој случај, тие ја губат и вербата во правниот систем и во правната држава за која зборував.

Што е тоа што не натера да поднесеме амандман и што е тоа што го инициравме во неколку наврати, еднаш со Закон со кој што предлагавме да се избрише членот 353, за да потоа со одредени консултации внатре во самата политичка партија но и со одредени експерти да утврдиме дека не е добро да се брише членот 353 и одлучивме тој закон на некој начин да го повлечеме.

Потоа, со самото тоа што се иницира, во неколку наврати измена на Кривичниот законик, одлучивме да интервенираме со амандман, со оглед на тоа што Владата веќе предложи закон што значи изменување и дополнување на Кривичниот законик, а во врска и согласно Деловникот и Уставот на Република Македонија немаме никакви ограничувања да можеме со амандман да реагираме во било кој дел на текстот на законот, не само во она што се предлага за изменување, оценивме дека преку една амандманска расправа и со една корекција на членот 353, поточно на неговиот став 1, а да не заборавиме дека овој член има и други четири ставови, значи не ги менуваме другите туку само основниот опис во делот на бланкетната диспозиција, длучивме дека на овој начин ќе дојдеме до прв исчекот до она што значи заштита на човековите права.

Сега ќе се потрудам да кажам која е мотивацијата, што нас, како пратеничка група на ВМРО-Народна партија не мотивираше да поднесеме еден таков амандман, за да нема шпекулации во јавноста и ова да не се толкува со одредени, прво кажано амнестирање на некого, потоа кажано пазарење со некого и тн.

Почитувани колеги,

На сите вас, а и на сите нас ни е добро познато, не така во далечното минато, а и во далечното минато ако погледнете од поранешните држави, и во самото Кралство на СХС како името на ВМРО се сатанизираше. Многу луѓе само поради

изговорување на името ВМРО, во време на тоа Кралство, па и на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, беа осудувани, прогонувани и тн. На сите ви е познато дека постоеше Голи Оток, разни други затвори каде што секој еден кој што ќе го изговореше името ВМРО или се прокламираше во своите идеи за таа идеологија, за Македонија како самостојна држави и ред други заложби што отстапуваа од тогашното уредување, беа сатанизирани, беа затварани и политички и кривично. Секаде се наоѓаше подлога во кривичното законодавство.

(Џагор во салата).

Јас морам да почекам малце пратениците да се смират.

Значи, кривичното законодавство во таквото едноумие дозволуваше да така граѓаните бидат прогонувани, гонети и затворани, за што со тек на развојот на демократијата, сите ние потоа ги осудувавме, ги менувавме тие одлуки и денеска на некој начин таквите луѓе, со разни одлуки и на Собранието на Република Македонија ги амнестиравме.

И, сето ова би било добро, ако тоа тогаш би завршило. Проблемот е што и во демократска Република Македонија, Република Македонија самостојна држава, во неа се продолжи со една таква практика.

Бланкетната диспозиција на членот 353, злоупотребата на службена положба, за жал, во Република Македонија, во самостојна Република Македонија најчесто се користеше за прогон на припадниците на опозицијата, а да не речам на припадниците на ВМРО-ДПМНЕ, тогашни или сега ВМРО-Народна партија, или двете заедно.

За жал, тоа се практикува и денеска. А, сатанизацијата продолжи и после, можеби најизразено тоа се почувствува после поразот на изборите во 2002 година, после оној фамозен 15 септември, за што многу се милуваше да се зборува како период кога народот ќе ја земе власта во свои раце и навистина ќе почувствуваме демократија.

Граѓаните на Република Македонија се сведоци од 2002 година наваму како таквите прогони се случуваа интензивно до ден денеска, зависно само кој раководеше со кој сектор. Во Министрството за внатрешни работи се сменија неколку министри. Во оваа Влада се сменија неколку премиери. Прогонот на членовите или сите оние кои беа на функции во тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, до ден денеска се правата скандалозни и сите исклучиво врз членот 353, поточно врз злоупотреба на службената должност, онака какошто тоа беше дефинирано на овој бланкетен начин.

Треба ли да потсетувам, треба ли да ја потсетувам македонската јавност како функционерите, дотогашните функционери на ВМРО-ДПМНЕ, кои беа членови или на влада или во делот на извршната власт, беа апсени, шетани со лисици по градовите, предвреме осудувани, повикувани, притворани, со месеци седени во притвор, треба ли да потсетувам како делата од ден на ден само се проширувааа, се измислуваа многу нови моменти со кои што или ќе се продолжше притворот или ќе се правеше еден прогон и тоа се врз основа на овој член. А, како да во оваа глава, во главата на Злоупотреби на службената должност, не постојат други кривични дела? Ќе потсетам: проневера, фалсификување на исправи и тн.

На Обвинителството во Република Македонија најлесно му беше да се повика на норма што е од диспозитивен карактер, да може буквално секого да лови, а на тој начин да ги заплаши и граѓаните на Република Македонија, особено припадниците на партијата што тогаш ги изгуби изборите, за да се на некој начин “ловат вештерки” за на некој начин да се укаже дека на тој начин може да се владее и да се укаже дека онаа власт што тогаш ги изгуби изборите е максимално корумпирана и дека таа власт правеше зло за Република Македонија како оваа, сегашната би имала алиби и оправдание за сето она што понатаму следи.

Ова најчесто можеше да се види и на примерот со примената на законската норма на членот 353, што најмногу го образложуваше бланкетниот карактер.

Морам да повторам, претседателе, ако давате пауза, да го ковертирам, јас имам намера да зборувам уште...

**Љупчо Јордановски:** Пауза нема да давам бидејќи сега почнавме да работиме.

**Жарко Караџоски:** Сега, јас, претседтеле, јас морам да искористам за една процедурална забелешка.

Не знам дали планирате да давате пауза...

**Љупчо Јордановски:** Не планирам да дадам пауза, бидејќи пред половина час почнавме да работиме.

**Жарко Караџоски:** Добро, требше да кажете да знаеме. Ние работевме, не е наша вина.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, продолжете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Бланкетниот карактер на оваа норма, исто како и сите други норми со бланкетна природа, законодавецот го исправаат пред два големи проблеми:

Од една страна, многу е тешко без употреба на бланкетната норма прецизно да бидат пропишани поведенијата за поединците како службени лица и да се определат соодветни санкции за отстапувањето од таквите поведенија.

Но, од друга страна особено поради постоењето на латантната опасност, преку бланкетната норма да биде злоупотребено и нееднакво применето врз сите граѓани правото, односно во случајов, регистрирано во Република Македонија како појава, нормата да се применува претежно или исклучиво само врз припадниците, само спрема припадниците на ВМРО-ДПМНЕ, односно ВМРО-Народна.

Секогаш кога СДСМ е на власт неопходно е оваа законска одредба да се преиспита, а заедно со неа и другите бланкетно казнено-поправни одредби, како би се создала потемелна основа за еднаква примена на правата спрема сите граѓани. Целта е да се избегне бруталниот терор што имавме можност да го гледаме сето ова време.

Со цел да се спречи една ваква појава, законодавците во многу земји во светот бланкетните норми или ги избегнуваат или, ако веќе ги употребуваат, тоа го прават во исклучителни случаи. Сосема ретко. Оставајќи што помалку празнини во заокружувањето на кривично правната одговорност, за што се пропишуваат и санкции.

Имено, во земјите со втемелена демократија се води сметка одредбите да бидат јасни, концизни и прецизни. Затоа, одговорноста за сторителите ја поврзуваат со повреда на закон. Не и со повреда на некој друг пропис, односно некој пропис што не е пропишан во закон или подзаконски пропис.

Ова беше генерално образложение во смисла на кривично правната заштита. Сега, би се навратил на она што е тоа што ние предлагаме да се измени.

Ако внимателно се прочита амандманот, јасно е дека делото-злоупотреба на службена должност, останува и понатаму. Да бидеме прецизни, нема бришење на такво казниво дело. Тоа и понатаму останува во кривичното законодавство.

Ако внимателно се погледа амандманот јасно произлегува дека кривичната одговорност, поточно казната за тоа дело и понатаму е идентична со тоа што е пропишано и сега. Тоа значи казна затвор од шест месеци до три години.

Што е разликата помеѓу сегашниот текст и амандманот што ние го предлагаме?

Тоа се само неколку реченици. Да не речам една е избришана, една се додава. Навидум, тоа не значи ништо. Но, имајќи или разговарајќи со кривично правен поим, со воведувањето на ваквата измена се прави голем исчекор во делот на тоа што значи правилна и прецизна примена на правото или зајакнување на правната држава. Со амандманов што јас го предлагам, зборовите “искористување на својата службена положба или овластување” ги изоставуваме од текстот. Делото го оквалификуваме со зборовите “службено лице кое со пречекорување на границите на своето службено овластување”, текстот продолжува понатаму. За што сметаме дека има разлика?

Прво, повеќе експерти во Република Македонија, повеќе правници во Република Македонија можат различно да толкуваат што значи поимот “искористување на својата службена положба или овластување”. Ако го прочитате известувањето на Претседателот на државата, јас ќе морам да го побарам, ако го прочитаме известувањето на Претседателот на државата, со кое што донесе одлука да не го потпише законот што веќе еднаш беше изгласан, неговото размислување оди во насока дека искористувањето на службената положба или овластување е еден облик на кривично дело, а тој облик најчестso може да се изврши со користење на таканаречените дискрециони овластувања.

Е сега, според него, бришењето на овие зборови го доведува во прашање она што значи дискреционо овластување, што пак се извор на можност за чинење на едно вакво кривично дело или пак таквите дискрециони овластувања се најплодно тло за криминал и корупција.

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

На почетокот морам да кажам дека со таквото толкување нема да се согласам, затоа што самите зборови “искористување на службена положба и овластување” се толку широки да тешко кој може да дефинира што тоа значи, што е тоа искористување на службена положба, дали е тоа дискрециони права на некого или не и токму таквата реченица во овој закон, во ставот 1, даваше можност и сеуште дава можност за злоупотреба или за користење на оваа одредба, јас го нарекувам “лов на вештерки” или обвинување на луѓе, ставање во притвор и траење на кривични постапки што и до ден денеска немаат разрешница.

Токму тоа е она што цело време го зборував, од почетокот, а сега не сакам да го повторувам, за кое што никогаш не можеме јасно да кажеме кој и како ќе го применува овој збор. Тука е проблемот со кој што се соочувавме и се соочуваме денеска во праксата. Сосема е подруго кога ќе се каже што е пречекорување на границите на овластувањето, затоа што таков поим апстинира долго време во кривичното законодавство. Многу е јасно што значи пречекорување. Обично, во кривичното законодавство тоа и се наведува, кои овластувања може да бидат пречекорени, кои со норми на забрана ќе се предвидат истите. Тоа е многу јасно дефинирано и тука се избегнува оној бланкетен дел на нормата поради што можеме да дојдеме до злоупотреби, а се доаѓаше до злоупотреби. Тоа е едната работа што ја изменивме, односно направивме нешто во смисла на подобрување на текстот.

Втората работа е тоа што во текстот додадовме збор, покрај пречекорување на границите на службеното овластување или со неизвршување на својата службена должност, “со противзаконско дејствие што е предвидено во посебен закон”.

Што е тоа на што алудираме и што бараме во оваа норма да стои противзаконско дејство што ќе биде пропишано со посебен закон. Јас тука не ја гледам причината и опасноста зошто не треба да биде така.

Давањето можност кривични санкции или одредено кривично дело да може да се подведе некој под обвинение и врз основа на подзаконски акти, навистина е прешироко толкување, затоа што врз основа на некаков си статут, правилник или одредба на некој орган, секој во Република Македонија може да биде подведен под ова дело “злоупотреба на службена должноаст”. Буквално секој во Република Македонија.

Затоа сакаме да го издигнеме поимот на висок ранг, односно на ранг на закон, за да се знае во кои ситуации, во кои ситуации може да биде применуван.

Не е проблем, ќе потенцирам, дека со ова што се додава, да биде предвидено во посебен закон, не се исклучува кривичното законодавство. Тоа е основна материја. Меѓутоа, на Кривичниот закон се додаваат и други закони, посебни закони што служат како извор за кривична материја, а што ќе пропишат такви поведенија што можат да значат вакво кривично дело. Ќе наведам само неколку примери. На пример:

Законот за јавни набавки, тука е пропишана процедура како треба да се регулираат јавните набавки, поточно како треба да се извршуваат и таму во тој закон може да се одредат и одредбите со кои што ќе се казнува сторителот што ќе постапи спротивно на тој закон.

Потоа, имаме многу други закони. Законот за царинска управа, Законот за данок на додадена вредност, Законот за финансиска полиција, Закон за даночна постапка, сите овие се закони што сега, во меѓувреме ги донесе Собранието, каде што се пропишани дејствија што значат кривични санкции, што повикуваат на кривично правна материја што според таквите норми, сторителот кој ќе го прекрши таквиот закон треба кривично да одговара.

Поентата на нашиот предлог во амандманот е токму Кривичниот законик да биде поврзан со норми што се пропишани во посебн закони, а не да се толкува прешироко во секоја одлука од подзаконски акт, како што се правеше до сега.

Целата поента, целата цел на нашата пратеничка група, мене лично, бидејќ сум подносител на овој амандман е следна, ние сакаме јасна норма. Ние сакаме да ова Собрание донесе одредби што ќе значат јасно читање на материјата и ќе значат лесна примена во текот на примената од оние институции кои треба да го применвуаат за да немаме повикување како сега, за да немаме реваншизми и за да немаме после секои избори победници и поразени, победниците да се расправаат со поразените или поразените да се плашат што победниците ќе направат.

Во никој случај, немавме намера, ниту сега имаме намера некој да амнестираме, во никој случај немаме намера некој кој што се огрешил за едно вакво кривично дело да не одговара. Сето она што се пренесуваше во јавноста, сакам да кажам дека не држи и заради тоа сето ова го образложувам, мислам дека и сигурен сум дека е во насока за која што ние цело време тврдевме. Прилог, кој што го потврдува нашиот став, дека кога сме го поднеле овој амандман сме биле во право е фактот што Собранието на Република Македонија и покрај тоа што Владата даде негативно мислење на претходниот закон за истиот овој амандман, гласаше со убедливо мнозинство со 65 гласа за. Потврда за тоа е токму Собранието. Потврда за тоа се и изјавите на премиерот на Република Македонија кој во неколку наврати потврди дека амандманот, или одредбата која сега стана составен дел од тој Кривичен законик не е лоша. Напротив, потврда за сето ова што го зборував е и последната изјава на премиерот кој кажа дека Владата, сега е рано, бидејќи има избори, во наредниот мандат, нормално, доколку тој биде премиер ќе треба сериозно да се зафати за измена на членот 353 во функција на она што јас цело време овде го зборувам. Најави некоја друга можност, уште 7 други додатни измени во законот во прилог на тоа. Сето тоа укажува дека оваа материја во членот 353 навистина е таква материја која со право како пратеничка група сме предложиле да биде изменета. Дали нашето решение или нашиот амандман е вистинското решение, потврди парламентарното мнозинство, кога еднаш го гласаше. Меѓутоа, за жал, во Република Македонија секогаш се случува она што не треба да се случува, секогаш Собранието на Република Македонија е маргинализирано во делот на она што е негова основна надлежност, а тоа е да носи закони, во смисла на тоа дека секогаш ќе се најде некој претседател на држава, кој што еднаш ќе ни го укине Законот за пратеници, кој што не држел вода и не ги става граѓаните во еднаква положба, а тоа лично за него не важи, тој е еднаков меѓу еднаквите, со Законот за претседател, кој што за жал, ние поднесовме закон за укинување на тој Закон, меѓутоа, очигледно ќе немаме време во овој мандат, ќе се потрудиме во наредниот мандат тоа да го направиме. Потоа, се донесе од страна на Уставниот суд исто така одредба со која што се укина оној владин предлог, каде што казната затвор се замени во парична казна, истото толкување дека граѓаните на Република Македонија не биле еднакви, иако не ја гледам логиката, затоа што кога некој граѓанин, кој што е сторител на кривично дело, или е обвинет, има право со кауција да не оди во притвор. И тоа го доведува до нееднаква положба, меѓутоа, тоа никој не сакаше да го толкува, затоа што ако тргнеме, како што вие кажавте претседателе да градиме држава со еднакви стомаци, тогаш далеку ќе стасаме. Ние мораме да градиме држава со јасни правни норми, кои што ќе најдат примена, секојдневна, јасна примена од институциите кои што треба да ги применуваат. Судбината на овој закон е многу специфична, кога со неставањето на потписот за указ, на овој Закон претседателот на државата, на некој начин ги опомена пратениците на владеачката партија, да не го поддржат тој закон, па затоа се случи овој период на вакуум од две недели, каде што не знаевме дали ќе се гласа претходниот закон, дали Владата ќе интервенира амандмански, или можеби ќе поднесе нов закон. Тоа можеби кај пратениците не ме зачудува, туку ме зачудува ставот на Владата кој често пати го менува, а за една сериозна влада, тоа не е добар начин. Владата на Република Македонија требаше да опстои на она што претходно го имаше, а пак Собранието на Република Македонија требаше да го почитува Деловникот и претходно законот кој очигледно нема да дојде на дневен ред требаше

да се расправа и по него да се изјасниме. Вака, само се потврдува дека очигледно, улогата на претседателот на државата на Република Македонија е огромна. Или некој многу се плаши од него, или некој не сака да ги повреди неговите чувства. Но сепак, најлесно е да се биде слеп послушник на мислењето на само еден човек, наспроти 65 пратеници кои што гласаа овде за и наспрема законодавната функција која што овде Собранието ја има. Или можеби некој се спрема да го смени системот во Република Македонија од парламентарен, да преминеме во претседателски. Само во таква ситуација можеме да го сфатиме сето она што се случува овде, а не во една парламентарна демократија.

Господине претседателе, јас овде би завршил со елаборирањето на амандманот, со тоа што го задржувам правото повторно да земам збор и сакам навистина да ви свртам внимание дека ќе имаме опширна дискусија по овој амандман и не ја гледам причината да не дадете пауза за ручек, бидејќи ќе ни биде потребна, а и согласно Деловникот сте должни да дадете пауза за ручек.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Ќе говорам во врска со амандманот. Она господа што се случуваше четири години како лоша практика во Република Македонија по 5-ти јули, во случај на промена на власта, а евидентно е дека таква работа ќе се случи, да не се најдете на удар на една непринципиелна политика, за да не доживеете она што го доживуваа нашите членови ВМРО-овци, кои биле на функции, министри, директори и т.н. Значи, да не доведеме во една ситуација која ја гледавме од 2002 година, па до скоро, не ви прижелкувам таква судбина, каква што ја доживеаа судбината многу ВМРО-вци од кои, многу и неславно завршија, бараме промена на членот 353, став 1 госпоѓо министерке , но ваше легитимно право е да се прифати или не, но сметам дека треба дебело да размислите, затоа што овој амандман, користејќи го фактички членот 353 утре некој од сосема друга позиција да не ги прави работите што ги правеше вашата Влада. Сакам да кажам дека таму каде што има причина да се дејствува и со закон и со акти и одредени министерства кои ги гонат овие работи, немам ништо против, ако држи вода. Но ако таквата пракса се претвори во политичка хајка е многу лошо. Затоа, денеска сме 9-ти јуни, можеби последен ден од овој парламентарен состав, можеби претпоследен, но моето последно обраќање е овде пред овој Парламент сега за сега, а во иднина ќе видиме, со Господ напред. Сакам да укажам на некои работи кои навистина беа негативни, беа невкусни, беа да кажам, трагични, барем за оние луѓе кои денеска се наоѓаат во опозиционите клупи. Денеска нудиме едно решение кое сметам дека треба да биде прифатливо и покрај апелите на претседателот на државата кој му се обрати со писмо на претседателот Јордановски, како претседател на Собрание, и непотпишувањето на указот, тоа е веќе негов проблем, можам да дадам само политички коментар и т.н., можеби понатаму ќе дадам политичка квалификација зошто ова така го толкувам. Но, Македонија да тргне во Европа, од вас бараат функционирање на правната држава. За да функционира правната држава актите што се носат мора да бидат јасно и децидно дефинирани, за на некој утре да не му текне дека злоупотреба на службена должност може да биде и пакет од маркери собрани од неговата канцеларија. Значи, се работи за еден огромен, широк поим, кој јас лично можам да го дефинирам и да ви набројувам многу аргументи што значи злоупотреба на службената должност, за да утре вие како пратеник, или како министер не се доведете во таква ситуација некој да ве повикува на службени разговори, бараме одредени логични измени да функционира правната држава, а притоа, никој да нема право да се изживува со вас, затоа што може да се случи, да се потпишува некој документ кој ви е подметнат, што не би сакал да верувам. Никој не е наивен во таквата работа. Но дека може некој да се иживува врз вас, или врз пратениците утре на опозицијата, олицетворени во ликот на утрешните пратеници на СДСМ, не е добро за сеопштата политичка клима во Република Македонија.

Сакам да кажам дека треба да престанеме да си ги вадиме очите, таму каде што нема потреба. Ако има аргументи, ако има факти дека некој направил криминал, постојат институции на системот кои тоа го регулираат. Тоа е Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи. Но се доведува една друга работа во прашање. Одредени дискрециони права дали некој од вас би можел да ми објасни што значи дискреционо право. И етимолошки, барајќи го коренот на зборот и како одредена личност која има право на дискрециони права ги употребува т.е. ги злоупотребува.

Значи, сакам да ви дадам до знаење, ставете се во позиција на опозиција за да размислуваме трезвено и зрело, да не ни се повтори Среќна Нова 1949, почнувајќи од 15 септември 2002 година. Утре да не бидете вие предмет за отстрел и злоупотреба, затоа што на некој така му текнало. А притоа, да се нема основа да се гонат луѓето. Денеска припадници на опозицијата.

Јас мислам дека министерке интимно ова што го говорам вие се согласувате, но директивите, најверојатно ви се други и ќе продолжам со моето аргументирање, ако сакаме да создадеме вистинска правна држава. Апелите од Европјаните се многу јасни и децидни. Значи, се се остава на индивидуа. Во конкретниот случај ве испитува Министерството за внатрешни работи . Ве испитуваат службеници на Министерството за внатрешни работи и притоа, правејќи злоупотреба на сопствените дискрециони права, нема кој да го оценува  дали тој ги пречекорил тие права. Имате ваков случај, за кој знаете. Случајот на Војо Михајловски, како најеклатантен, најекспониран, и на Ламбе Арнаудов. Дајте да говориме отворено да не се маткаме и да се лажеме. Имате случаи,

Војо Михајловски во 10 часот го викаат во судница број 50. Завршува расправата по едниот предмет, го бркаат по 10-тина предмети, немам врска за колку предмети се работи, наместо да ги соберете на купче и човекот да го повикате и да се разгледа постои криминал или не постои. Ако постои да се заврши постапката, ако не постои, не го маткајте со денови и со месеци во притвор. Пуштете го да се брани од слобода. Каде ќе бега од државата, притоа оставајќи кауција куќа, стан и не знам што друго. Врти сучи, тој мора да се врати во државата. Каде ќе оди. Тука припаѓа. Значи да се навратам на онаа специфична ситуација. Дами и господа, вие од позицијата слушајте за да знаете што работеле вашите егзекутори, олицетворени во ликот на извршната власт, што велам не е добро. И овој апел е до идната власт, да не се однесува вака. Значи, Војо Михајловски во 10 часот го викаат, расправата трае до 10,30 часот, Војо Михајловски излегува од судница број 50, го чека курирот му дава покана за 10,35 часот во судница 51 и 52. И приказната продолжува по една таква линија. Човекот го доведовте во една ситуација за која не сакам да говорам. Тоа е веќе иживување. Тоа е нечовечки. Тоа ли е правната држава кон која се стреми Република Македонија. Овој апел е и кон идните што ќе дојдат, да не се однесуваат така. Без основа, не можат да го викнат Јани Макрадули. Ајде да бараме основа на тој криминал. Тој мора да се докаже за некој да го повика. Сакам да кажам не смее да се дозволи да се игра со личности, со луѓе со фамилии. Имав една класична хајка која се правеше. Затоа бараме промена на членот 353 само во ставот 1, кој сметам дека е логичен и држи вода. Ќе видите дека после 5- ти јули кога ќе се конституира новото Собрание во некои нови консталации ќе ви се случуваат истите работи, за жал, верувајте дека така ќе се однесуваат работите. Ви тврдам што исто така не е добро, не е човечки пред се,говориме за Европа, говориме за реформа на судство, говориме за конкретен член кој во народот е претставен , да се биде или да не се биде. Дајте овие од ВМРО-Народна криминалциве гледаат да се спасат. Не, таму каде што постои криминал некој ќе си одговара нема бегање од таа работа. Но без основа некој да ме викне мене на информативен разговор па зошто јас да одам. Ама ако не одам во 6 часот ќе се нацрта и од дома ќе ме соберат пред целата фамилија, пред сите комшии, пред целиот народ, да бидам предмет на исмејување без потреба. Кога можат да не собираат за обична прекршочна казна, затоа што сме поминале несакајќи на жолт семафор од брзање, не собираат наутро. Луѓе, мислете малку европски. Вашиот премиер јасно ги упатува пораките. Да се смени менталитетот на овој народ. Менувајте го менталитетот. Значи, имавме една клима на Среќна Нова 1949. Јас нема да ве убедувам. Ќе речете дека ова нема врска со членот 353. Но членот 353 е апла искористен за политичка хајка и политичка пресметка со политичките опоненти. Како наравоучение и поука апелирам до вас да го разгледате уште еднаш да не ве најде судбината на многу обесправени ВМРО-овци. Од таа причина ова го говорам, утре некој да не продолжи со истата пракса, што не е добро. Не е добра за нашите меѓупартиски односи кои гледаме да ги хармонизираме, затоа што ние овде можеме да се препукуваме по разно разни прашања, но не смее при тоа препукување да постои зла крв и ние да се гледаме како политички непријатели. Тоа е мојата порака после 12 години во овој македонски парламент.  Ова во 1990 сигурно не би го рекол  Би говорел мојот гнев. Денеска говорам со разум, со политичка толеранција, за да може утре побитните прашања или било каков интерес да седнеме и да разговараме и да се договориме. Таква ситуација ќе немате, јас тоа ви го гарантирам. Ќе немате буквална шанса. Некој одвај чека да ви се реваншира тоа ви го кажувам најискрено. Кај мене тоа не постои, не постои зла крв, иако се правени врз мене и моето семејство триста глупости, од следење, прислушкување и т.н. иако се ваши луѓе на власт, сеуште имам пријатели и ми кажуваат. А наскоро ќе излезат и фељтони во кои ќе можете да прочитате врз нас, иако бевме надвор од овој Парламент, во едно страшно владеење.

Значи со таквата политика која ја правевме и која ја водевме го предложивме ова решение со амандманот на Жарко Караџоски во една подруга форма, но со од прилика исто значење со амандманот на госпоѓата Којзеклиска. Мислам дека треба да се преиспитате по ова прашање. Говорејќи од искуството кое го поминавме ви сугерирам да прифатите едно такво решение. Добронамерно ви сугерирам, не знам која сте на листата, дали ќе бидете пратеник, најверојатно ќе бидете. Верувам дека ова што го зборувам или дел од она што го зборувам можеби во една обратна ситуација ќе го зборувате и вие од оваа парламентарна говорница за некоја друга власт која не размислува како мене, добронамерно, македонски, која не размислува дали ќе унесреќи многу фамислии како вие тоа што го правевте во минатото. Кај многу луѓе гневот е наталожен да знаете. Тоа е страшна работа. Ќе почне маратонски процеси кои траат со години и замислете вас да ве викаат секој втори, трети ден во некоја судница. Како вие ќе се чувствувате или вашето семејство. Како ќе ве гледа вашата околина, вашите комшии, пријатели, роднини, вашиот сопруг, вашите деца. Тоа се трауми кои треба да ги. . .

(реагирање на некои пратеници)

Уште и денеска и утре сме колега, не се тревожете, мора да си кажеме она што сметаме. Последна седница е, не треба да се лутите. Јас го говорам ова најдобро намерно и мислам дека пораката која ја праќаме е таква, не е злонамрна. Значи, говорам врз она што значи наше негативно искуство, а ваше практикување на власта. Можеби не директно, но времето на веќе тогашниот претседател и на Хари Костов беше време, не на 1949, не знам кое време. Незнам, немам збор, немам збор што се правеше, што се работеше.

Наместо да се штитат државните интереси се бараше политичкикот непријател и се расчитуваше со политичкиот непријател во ликот на ВРМО - ДПМНЕ, а сега во ликот на ВМРО Народна партија. Имавме една страшна ситуација. Буквално да се живее во гето, да очекувате секој ден дека некој ќе ве апси, некој ќе ве собере на улица. Поради што, поради некој, што земал четири маркери и ги ставил во џеб и тоа е злоупотреба, затоа што е купено со народни пари, од македонските даночници. И чашава да ја земам јас и да ја изнесам од Собрание е злоупотреба. И ќе осамнат наслови, нормално деригирани новинари тоа го прават, Флоровски го фативме на портирница украл една чаша која нема повеќе од 21% кристал во нејзе, другото е обично стакло. Наша стаклара ги работеше едновреме овие чаши. Тоа е злоупотреба. Исто така е злоупотреба и да дрпнеш 10-тина, 20, 30 милиони евра. Значи "злоупотреба" е широк поим. И Претседателот се обраќа до претседателот на Парламентот со овој допис, ако го имате пред вас и вели вака на страница 2 трет став "праксата покажа дека дискреционите овлстувања се најпогодно зло за криминал и корупција. При нивното користење службените лица не смеат да се водат од ничии мотиви и интереси". Сега ќе ве прашам, вие сте политичка Влада, правите Влада, имате мнозинство го чистите првиот, вториот, третиот ешалон, па и четвртиот, чистачките по сите министерства и очекувате некој од тие службеници горе да не бидат раководени од ничии имоти. Па тој, според оној гнев кој беше нагомилан 2002 и понатаму, кога премиер беше Хари Костов, па тие едвај чекаа некој ВМРО-вец да им дојде и да му го шашардисаат паметот. Не е лесно да се влезе горе, да ве држат десетина саати, при тоа да се сменат пет инспектори, едниот да изигрува лош, другиот да е добар полицаец, да ве малтретираат. Па, ние сите живи луѓе сме. Некој е потврд ќе издржи повеќе време, некој ќе го скршат за еден саат па ќе потпише изјава и со таа изјава, пазете, изнудена ако не физички со психичка тортура и таа изјава се вади на суд, еве потпишал. Па, тој ја негира. Па, ќе ја негира. Тоа не е патот кон Европа да знаете. Сето овде што го говориме го слушат и го пратат. Извелечете поука за во иднина кога ќе бидете опозиција да не ви се случува истото ова. Ова е најдобро намерен мој совет. Ако народот одлучи да победете, победете, немам против, гласот на народот нека се слуша. Јас сметам дека она што премиерот го говори, дека ова ќе бидат скандинавски избори, иако не сум многу убеден гледајќи ја атмосферата, барем вчера она што се случуваше на Светла точка и претходната емисија се се плашам дека на терен ќе ни се случуваат многу интересни работи што не ги прижелкувам. Ако народот ви даде доверба бидете живи и здрави и терајте. Значи, ви веруваат добро сте работеле. Нема тука лутење. Народот е тој што одлучува. Ако ние паднеме, значи проблемот е кај нас, не е кај народот. Не сме го убедиле доволно или не сме биле доволно умни и паметни да се наметнеме врз нив. Тука нема лутење. Изборите се поправен испит и за народот и за политичките партии. Ако некој погрешил, тогаш гласал за СДСМ денеска може ќе гласа за ВМРО-Народна, за моите колеги наводни ВМРО-вци, но тоа не е битно, ќе се пребројат гласовите, ќе излеземе на прес конференции тој добил толку гласови, и по утврдениот метод ќе се знае кој колку пратеника има до 12,00 часот навечер. И ако ви дадат доверба тогаш продолжете, затоа што добро сте владееле. Тука сме немоќни ние да направиме нешто.

Значи, сметам министерќе дека овој амандман не само што држи вода, туку ќе доведе некој ред во одредени институции во системот кои се под Министерството за внатрешни работи кое ги вика, ги испитува луѓето. Притоа, да ви кажам искрено, максимално се прави злоупотреба. Значи, не дај боже да се влезе внатре, некој излегува со здрав ум, некој не излегува со здрав ум. Сакам да ви кажам внимавајте во иднина што ќе ви се случува ако паднете, не од мене, од некоја идна власт. Јас по природа не сум човек кој сака на луѓето да им се свети иако знам жестоко да настапам, затоа што сум верник не сакам лошо, иако лошо правевте со лошо да ви враќам. Јас сум христијанин, верувам во бога, и се држам во некои начела на кои ме учела баба ми, мајка ми, итн. Никогаш не сме биле атеисти, верувам во бога, и Господ е тој што гледа и враќа. Но, Господ ни дал и ум и разум како живи суштества да размислуваме, случајно сме тука или не сме тука да носиме квалитетни решенија. Сметам дека едно од квалитетните решенија е ова, за да утре некој не се однесува буквално кабадахис. А, ќе имате такви однесувања колку што сакате. Што значи кабадахиско однесување? Ако сте го гледале филмот Западно од текот со Рој Тин беше и судија и џелат, така се однесуваа вашите претходници. Можеби вие не. И судии, и џелати, и макмедиуми, се бевте, диригирани од еден центар кој денеска ни испраќа писма демек не би требало некој да си дозволи да работи вака... Значи, своите дискециони права да ги работи совесно и во интерес на државата. Види богати, кој нашол да говори, господинот Црвенковски. Јас не се плашам да му го спомнам ниту името, ниту презимето. Совеста ми е чиса, но нашол господинот Црвенковски да ми говори за вакви работи во своите писма. Јас морам да признам една друга работа, дека апсолутно е променете климата со доаѓањето на новиот премиер. Тоа мора да го признам пред македонската јавност, затоа што тоа е така, но од 2002 година, 15 септември со доаѓањето на новиот премиер вие немавте премиери, вие имавте егзикутури врз политичките опоненти. Ликот на Црвенковски и Хари Костов. . .

**Слободан Најдовски:** Ве молам, господине зборувајте во контекст. . .

**Александар Флоровски:** Се е во контекст господине потпретседател, немојте да го браните. Немојте да се плашите никогаш, бидете храбар, со искрена душа. Ако сте чист никој ништо не ви може. Јас говорам врз основа, имаме допис каде

што вели дека не го потпишува членот 353 врз основа на членот 75 став 3 од Уставот...

**Слободан Најдовски:** Уставот му го дава тоа за право и ве молам, сега.

**Александар Флоровски:** Не се согласувам со вас, имам право да коментирам дали она што он го напишал држи вода или не. Сепак сме ние законодавен дом. Ние сме претставници на народот овде и не сакам никој да ме замолчува а најмалку на последната или на претпоследната седница.

**Слободан Најдовски:** Немам намера воопшто да ве замолчувам, коментирајте го тоа што е напишано, но не употребувајте зоброви кои што не доликуваат.

Вие самите велите дека за да се осуди некој треба да има докази, а вие употребувате зборови за кои нема аргументи.

**Александар Флоровски:** Се сложувам со вас апсолутно. Вие однапред преку мас-медиумите сте деригирани, платени, купени, однапред ги осудувавте луѓето. И, казната и санкциите беа неизбежни со тоа што правевте максимални притисоци и врз судиите и врз судовите, а баравте независно судство и се деклариравте дека ќе правите независно судство. Некој овде ќе ми продава магла и фатаморгана во ликот на ова писмо. Па, немојте. Никој овде не е малоумен. Да не ви личам случајно на морон па да незнам да проценам што пишува овде. Немојте така. Немојте да ме вреѓате со тоа што мојата интелегенција ја доведувате до патос. Доволно сум умен, интелегентен да сфатам и да разберам неки работи. И, пак ќе ви повторам по трет пат. За да не се случи она што се случуваше со некоја идна власт го нудиме решението на членот 353 став 1. Тоа е мојата порака, но вие си правевте муабет па не ме слушавте што говорам. За да утре некои нови луѓе не се однесуваат како они што сакаат кабахиски, затоа што е власта менлива и минлива работа. Впрочем, и животот е менлив и минлив. Никој не е вечен на светот, а најмалку од овие клупи. Јас праќам порака која не сакате да ја разберете очигледно. Ако имате респект кон претседателот, тоа е ваш проблем, јас го респектирам тоа, го избраа со 500-тини и кусур гласови, немам ништо тука. Како избравте и тоа е веќе друга приказна. За мене може да биде и граѓанинот, како што беше покојниот Трајковски за вас граѓанинот Трајковски, но не сакам тоа да го коментирам под мое ниво е, сепак држам некое ниво. Му правевте невиден погреб, небулозно до крај, нечовечки. Но, ајде да не ја вртам работата натаму, затоа што ќе отвориме тешки рани. Ова го говорам со позитивна енергија, не го говорам со зла крв.

Да ви кажам нешто. Огадно ми е да читам со некоја идна власт не знам Најдовски фатен, земал тоа и тоа. Па, тоа ли е нивото на таа нова држава, на ова новинарство, или нивото на нашите министерства. Па, не смее тоа да биде. Тоа е мојата порака. Никој не смее да се иживува со никого. Ако може да му се докаже кривицата нека се докаже, ќе се викне, ќе се осуди и се праќа во затвор. Ги држат по 6 - 7, 9-10 месеци во притвор а потоа се пуштаат на слобода. Знам што се прави по македонските затвори, но тука не ја окривувам министерката. Нема пари за ова, нема пари за тоа, како ќе направиме реформи во затворите. Немате затворски чувари, немате ништо. Затворениците живеат во едни невидени услови. Услови божем се наоѓаат во некои турски казамати. Тоа е проблем за кој треба да се разговара. И тие се граѓани иако се осудени. Или, дајте да им ги сечеме главите, да ги пратиме во Анадолија ако треба. Каде ќе ја бараме Анадолија, во Криволак ли? Значи овој член 353, амандманот што го нуди Жарко па и Марија, моите колеги од ВМРО Народна партија е многу логичен. Ваше е да пресудите министерке дали ќе го поддржите или не од причините кои ги наброив и мислам дека причините за издржани и од политичка и од правна и од секој аспект кој можете да го гледате. Од било која позиција да го гледате она што го зборувам го слушате ќе речете Флоровски апсолутно си во право. Замислите за да знаете какви човечки судбини има во државата, какви работи се случувале, таму каде што немало основа да се притворат луѓето, а притворите знаете колку траеле, ги деградирале на работните места. Имам еден случај, бивш дирктор, извинете една мала дигресија потпретседателе, но за да не се повторат ваквите работи, дали беше од Либерална партија, од ВМРО беше, некаде , во Јужна Македонија, во некоја експозитура на Електростопанство на Македонија, бидејќи човекот бил чист и наивен, ништо не направил, тоа е добра работа, на човекот не можеле како да му вратат па го деградирале, го ставиле во една канцеларија, мислам дека за овој пример и другпат сум говорел, 2 на 2 и за да ги искречи бараките му дале метла за кречење и го терале ајде слоганот ви беше Главата горе, сега мачкај горе. И, сакаме ние да градиме некое си македонско национално единство, а треба да почнеме да го градиме. Овие се мерките. Треба да почнеме од некаде. Верувам дека многу од овие работи кои ги знаете, или лично сте ги читале, сте ги прателе, и повеќе не сакам да ви говорам и да се повторувам. Сметам дека ова што го коментирам, иако потпретседателот не ми даде простор да го коментирам пишувањето на претседателот Црвенковски, ја почитувам функцијата, затоа што е претседател, нема да го коментирам освен делот кој што го кажав каде што се повикуква на лична совест на тие што треба да извршат одредена задача. Таква работа не постои. Таква работа не постои лична совест. Кај многу мал број на луѓе постои лична совест до каде може да се оди во извршување на професионалнинте задачи. Но, да знаете многу често, 99% се пречекорува и луѓето се малтретираат без врска. Ламбе го шетавте со лисици во 10,30 часот. Па тој човек има фамилија, тој човек има пријатели, има колеги. Знаете ли колку е неугодно среде бел ден да ве водат со лисици а сте биле директор. Постои таква работа, се носи во притвор, се

испитуваат доказите, се носи павосилна одлука, ако нема се пушта. А ако се случи многу од овие луѓе да ве гонат дека безправно сте ги затвориле и бараат оштета од државата кој ќе ги сноси трошоците. Или, се обратат до меѓународниот суд за човекови права што тогаш ќе правите. Пак ли ќе давате пари од македонските даночници, од Буџетот, а ќе имате и такви случаи ви гарантирам. Луѓето се спремаат. Без врска ги собрале, ги малтретирале, ги апселе, и на крај ги пуштиле. Извини ама не беше ти, беше другиот. И тука, да не врти глава колегата, вели да завршиме побрзо, ќе го почитувам него, толку имам да кажам и мислам дека бев доволно јасен. Значи, апелирам заради идните состојби, заради некоја си политичка хармонизација на македонските политички партии, сметам дека не само што е добро, туку е и умесно да се прифати оваа работа.

Не размислувајте дека денеска сте тука. Размислувајте дека утре ќе бидете таму и дека некој друг ќе седи овде, кој сопствените лични фрустрации ќе ги лечи врз вас. Да не се судрите со болни умови, бог да ве чува од такви луѓе, на кои Господ им го земал умот и размислуваат само како да се осветат. Таква работа кај мене, не постои. Јас можам во краен случај да излезам и да се степам со некој од моите колеги, но зад грб да му направам нешто, не. Надвор може и да се опцуеме, да се скараме, но да му направам лошо, за утре да одговара пред некоја возвишена сила, тоа не. Да го годошам бог да чува, не сум така воспитан. Сум вишол, сум вишол, сум слушнал, сум слушнал, повеќе никој нема да слушне и нема да го слушне тоа што сум го слушнал. Така сум воспитан и така сум растен. Реков, за утре некој си болен ум да не се изживува врз утрешната опозиција, сметам дека ова е добро да се направи, иако утре ако има мнозинство некоја друга гарнитура, па може повторно да го измени членот 353 и да го донесе стариот.

Мојот апел е хармонизација на македонските политички партии. Да престанеме да си ги вадиме очите едни меѓу други, како што вие ни ги вадевте нас, а сме браќа по крв, македонци. Но, кога го прашале едниот кој бил без око, кој ти го извади толку длабоко окото, рекол - брат ми. Е, тоа, господа вие од СДСМ, вашата извршна власт го правеше врз денешната опозиција, а најмногу врз ВМРО-Народна партија, бидејќи ние криминалците сме собрани во ВМРО-Народна партија, а овие чесните се собрани во ВМРО-ДПМНЕ со нивниот лидер на чело господинот Груевски, кој по некоја случајност бил министер за финансии и ќесето било кај него. Еве, јас не се плашам, можеби утре ќе биде премиер, апсолутно не се плашам да говорам за имиња и за презимиња. Што ќе ми направи, дали може да ми ја земе душата. Господ ти зема и ти дава душа. Можеби може и да ми монтираат, но се ќе се издржи. Се се поминува, но не смее да се дозволи одреден праг каде што се руши веќе човечкото, фамилијарното и секакво достоинство. Е, тука навистина завршувам. Потпретседателе, еден апел до вас почесто менувајте ја водава, бидејќи ептен е топла. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Објавувам пауза до 15,30 часот.

Со оглед на тоа што има уште тројца пријавени, а до сега не направивме пауза, па сега ја предлагам.

(Пауза до 15,30 часот).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 15,30 часот.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Тука има малку пратеници и јас со мојата дискусија сакам да ги убедам пратениците да го изгласаат амандманот, со оглед на тоа да министерот за правда не го прифаќа амандманот, се надевам дека во текот на мојата дискусија некои од нив ќе бидат привлечени да дојдат и да слушнат она што јас ќе го кажам. Значи, ние продолжуваме со расправа по амандманот, поднесен од колегата Жарко Караџоски, во кој бараме членот 353 ставот 1 да се измени и да гласи така како што тој го прочита, да не го читам сега уште еднаш.

Сега, јас ќе направам една мала елаборација на самиот опис на кривичното дело, нормално споредувајќи го со другите кривични дела кои спаѓаат во Главата на кривични дела против службената должност.

Да потсетам, ова кривично дело - злоупотреба на службената положба и овластување или членот 353 е прво кривично дело од кривичните дела во Главата кривични дела против службената должност. И сега, во таа цела Глава на кривични дела против службената должност се опишани такви дејствија со кои се напаѓа службената должност, приоритетно кога со нив се нарушуваат обврските и овластувањата на државните органи или на други субјекти со јавни овластувања, но и кога се напаѓаат правата и слободите на граѓаните, имотот и многу други индивидуални и општествени вредности. Одтука, со некои од пропишаните дела во оваа Глава, всушност се заштитува приоритетно службената должност, иако при тоа со дејства на сторителот се напаѓаат и други вредности во други кривични дела надвор од оваа Глава, со што пак повторувам, приоритетно се заштитуваат и некои други вредности, иако генерално и со нив е нападната службената должност. Таа службена должност всушност претставува неопходно општествена категорија.

Делата се извршуваат, а ова е едно од тие кривични дела во Главата кривични дела против службената должност од службени лица. Всушност така и започнува самиот член, тоа е категорија која е утврдена во членот 122 од Кривичниот законик. Тоа се специфични дела или вистински службени кривични дела кои понатаму се делат на општи и на посебни. И, тоа општите

кои ги извршуваат службените лица во извршувањето на нивната службена должност и посебните кои се извршуваат во вршењето на некои посебни карактеристични функции што се иземени од оваа Глава. Самото кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување или популарниот 353 од Кривичниот законик како кривичен дел има општ карактер. Дејствието на сторителот не може да се квалификува според оваа одредба ако постои посебна квалификација со таков или со сличен опис на дејствие што му се става на товар на сторителот односно ако постои друго кривично дело со таков опис, што значи како таква е со општ карактер. Но, има и субстедијарен карактер, а тоа значи ако за така сорените дејствија не е пропишано друго посебно кривично дело, што не е случај во нашиот кривичен законик, тогаш за сторителите задолжително се применува токму ова одредба. Самото кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување се појавува во четири облици или има четири ставови. Од наш аспект, првенствено, од првенствен интерес е првиот став на кого и колегата Караџоски има поднесено амандман и на кого јас имам поднесено амандман. Бидејки, се концентрираме, се фокусираме само на овој став 1, затоа што со овој облик пропишаното инкриминирано поведение е од влијание за заокружување на инкриминациите и за другите дејствија во другите облици на кривичното дело дадени во став 2, 3 и 4, па така овој облик, почитувани колеги, врши едно дифузно влијание на останатите ставови од членот, но исто така и на другите посебни кривични дела кои псотојат во оваа Глава. Да потсетам, не е само злоупотреба на службена положба и овластување во Главата кривични дела против службената должност, тоа е прво кривично дело. После него доаѓа давање поткуп, не ги набројувам, меѓутоа, само да ви ги нафрлам како кривични дела. Значи, давање поткуп, примање поткуп, фалсификување на исправа и ред други, не знам по број колку се, но ова е прво дело и верувајте судиите при изрекувањето, при непостоењето на друга можност да го вкалкулираат она што претставува обвинителен акт, докази во било која друга форма на кривично дело во оваа Глава, тие си ја земаат 353, како што рече и колегата, бланкетна норма или непотполна норма и тука си ги ставаат сите можни инкриминации, дали постојат, дали не постојат, останува судските иснтанци и натаму да си кажат и Второстепениот суд и Врховниот суд. Но генерално сите си го подведуваат за такви сомнителни и за самите судии сомнителни дејствија, си го ставаат 353, затоа што таму им е најлесно. Зашто, давање на поткуп и примање на поткуп генерално тешко се докажува, ако не ве фатат со одбележени банкноти, фалсификување на исправи што исто така бара вештачење во Бирото, графолошко вештачење, така што ова е најлесен вид на кривично дело на кого можете, а имаме доказ, да го злоупотребите или да го употребувате во политички цели вашиот политички противник. Најлесно им е на судиите и најубаво си минуваат со ова кривично дело 353, иако сите судии не се сложуваат дека е така и тоа од следниве причини. Колегата Караџоски нешто нафрли кога го образложуваше неговиот амандман, меѓутоа, мора да се поврзе со она што го кажа дека ова кривично дело вака формулирано во целиот член 353 е рецидив од поранешниот КЗ, каде што псотоеа два описа од општ карактер на ова дело и тоа првиот облик пропишуваше и тоа беше членот 314 од КЗ на СФРЈ, злоупотреба на службената положба без намера да се прибави противправна имотна корист за себе или на друг да му се нанесе штета. Вториот облик беше во членот 314-а од КЗ на СФРЈ, кое пропишуваше сторени дејствија со прибавување за себе или за друг противправна имотна корист. Сега, со овој член 353 од КЗ на Република Македонија постои единствен член кој ги обединува овие два облици на кривични дела во едно. Имено, со него се споени, така формирано дело, кога сторителот прибавувал или за себе или за некој друг некаква корист, независно имотна или неимотна односно тогаш и кога на друг би му нанел штета. На овој начин, всушност, делото е оформено од две поранешни кривични дела во едно, значи некое да не го кажам поинаку едно омнибус кривично дело кое служи за се, со многу широки димензии, со кои пакземајќи го и бланкетниот дел на нормата од ставот 1 на 353, несомнено овозможува дејствување слично на она што го имаше порано постојното и исклучително опасно кривично дело. Вие, почитуван претседател, памтите малку поодамна, но ќе ве потсетам, а тоа е кривичното дело, непријателска пропаганда. Вие се сеќавате, а некои од колегите сигурно се сеќаваат дека ова кривично дело за судиите беше вреќа без дно. Значи, со мимика, со пантомима, со збор, со едно чешкање по глава можеше некој да биде обвинет за непријателска пропаганда и човекот да гние во затвор, затоа што поинаку го погледал, накриво го погледнал некој од лицата кои сметаат дека тоа лице е непријател за оваа држава. Е така како што било значи, непријателска пропаганда во поранешниот систем, така и сега со ова кривично дело со ставот 1 од членот 353 злоупотреба на службената положба и овластување. А тоа го овозможува, верувајте токму таа непотполна правна норма или како што е речникот правен тоа е таканаречената бланкетна норма. И сега да се вратам на ова што е насуштествениот дел односно, бланкетната норма на поголемиот дел од целата одредба на 353 и тоа може да се согледа од ако ги анализираме терминити, службено лице, службена положба или овластување, како и описите на дејствијата кои се во самиот член пречекорување на границите на своето службено овластување или вториот дел е со неизвршување на својата службена должност. Во споредно но не и толку неважно е прашањето со поимот некаква корист, особено кога се работи за неимотна корист. Затоа и предлагачот на амандманот смета она што го има дадено како амандман дека неопходно е во анкетниот дел од оваа одредба да се замени и одговорноста на

носителите, на сторителите да се поврзува со повреда на закони, а не со повреда на подзаконски акти. Одредбата ако биде попрецизна, верувајте ќе пречи во иднина барем, сторителите или службените лица да го вршат делото. Значи, да се вратам на терминот службено лице кој е опишан всушност, во членот 122 од Кривичниот законик, став 4 и тоа, точка а, б, в, г, д, ѓ. За странско службено лице имаме опис во членот 122 ставот 5. И сега, дека описот на поимот е службено лице е прероширок. Посебно зборуваат одредбите од ставот 4-в од членот 122. Значи, овластено лице во правното лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон, му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања.

Во точката г, имаме лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон, или со други прописи донесени врз основа на закон. Значи, ова се дефиниции на терминот службено лице во членот 122 КЗ . И двете овие одредби упатуваат на појаснување на терминот службено лице со прописи донесени и врз основа на закон, што значи, за да се појасни казнено-правната одредба, потребно е ние да бараме други прописи во други закони или други подзаконски прописи надвор од Кривичниот закон. За да знаеме дали Љупчо Јордановски е службено лице, или не е службено лице. Дали тоа лице има јавни овластувања и какви всушност, овластувања ќе има Љупчо Јордановски. Се извинувам што ве земам за пример, меѓутоа, за да ја појаснам дефиницијата на службено лице.

Значи, така пропишаната одредба во која се дефинираат службени лица бара мислење кое службено лице е надвор од Кривичниот закон. Сега ќе се послужам тука со едно мало појаснување. Се знае во Министерството за внатрешни работи, ќе го земам како пример, само во еден посебен делокруг од својата дејност е овластен да донесе повеќе од стотина подзаконски акти, кои се менуваат често. Ние како Собрание немаме увид во тоа се акти кој ги донесува самиот министер. Контрола не зборувам дали има или нема, само тука и врз основа на овој пример може да се види колку подредените на министерот, или службениците во Министерството за внатрешни работи всушност, имаат судбина која им ја држи министерот во неговите раце и тој исклучиво решава за она што ќе биде пропишано со некоја одредба која треба да биде добро одмерена со закон, како на пример со Законот за државни службеници, кој е изгласан од друга страна од Законодавниот дом. Значи сега имаме една диспропорција, помеѓу Законот за државни службеници на кој се однесува, на државни службеници кои се вработени во Министерството за внатрешни работи, но имаме и минситер за внатрешни работи, кој врз основа на овластувањата дадени со закон, донесува подзаконски акти, кој во одреден сегмент можат да ги загрозат правата на самите службеници во Министерството за внатрешни работи.

**Љупчо Јордановски:** Може ли едно прашање. Дали Деловникот на Уставниот суд е подзаконски акт.

**Марија Којзеклиска:** Подзаконски акт е.

**Љупчо Јордановски:** Таа е логиката. Сами си го прават сами си го гласаат.

**Марија Којзеклиска:** Така се ќе биде со судството. Советот за јавни обвинители и со Судскиот совет новиот, сами ќе си предлагаат, сами ќе си гласаат.

Значи, овде оправдано почитувани колеги, се наметнува разликата. Ако сакаме Република Македонија да профункционира како правна држава, за што го менувавме и Уставот. Донесовме еден куп закони. Ги прифаќавме оние директиви кои доаѓаат од Европската унија, ратификувавме еден куп на конвенции, тогаш, кривично-правната одговорност треба да се втемелува и да се потпира исклучиво на закон. Да не ја префрламе топката на подзаконски акти и да извира таа кривична правна одговорност од подзаконски акти и некои прописи кои ги донесуваат соодветните министри, во соодветните ресори. Тоа е во делот на службеното лице. Ајде сега да ги видиме термините пречекорување на границите на своето овластување и неизвршување на службената должност. Проблематични секако, во делот на бланкетната норма. Оној што ги применува овие одредби за да утврди, или треба да утврди кои биле границите, или кои се границите на службеното овластување, односно да се види во што се состоело неизвршувањето на таа службена должност. Значи повтроно одговорите ние ќе мора да ги бараме не во законот, туку ќе мора да ги бараме во подзаконските акти, затоа што се работи за лица кои се на функции, биле на функции и ќе бидат на функции и имаат определени права дадени врз основа на закон, но со подзаконски акти. Сега ние за да знаеме до каде се границите или овластувањата на тие лица, мора да се знае Марија Којзеклиска има овластување еден, два, три, десет, дваесет, овластувања. Се што е над тоа, тогаш ќе биде нејзино или неизвршување, или пречекорување на нејзините овластувања. Ние тоа го немаме со оваа одредба 353, со постојната. Затоа ние бараме со посебни закони да биде утврдено до каде се границите на овластувањата и каде започнува пречекорувањето на овластувањата. И што значи неизвршување на службената должност. Да не се повикуваме постојано на некои подзаконски акти. Значи, овие одредби пречекорување на службеното овластување и неизвршување на службената должност, би биле сосема во ред, ако кон нив се придодаде тоа што ние го бараме со овој амандман, пропишани или пропишано со закон.

Тоа пак значи, кога ќе се определува кривичната одговорност на сторителот на кривичното дело, согласно членот 353, таа да се темели иcлучиво врз закон и воопшто да не се темели на некој друг пропис, без оглед на тоа што и тој пропис се

темели врз основа на закон, бидејќи тој друг пропис, со самото име подзаконски акт кажува дека тој е под законот. Во Република Македонија имаме Устав, имаме закони,имаме меѓународни конвенции кои се ратификувани од страна на Собранието и кои претставуваат составен дел на нашиот правен поредок и ние не смееме да си дозволиме подзаконските акти да бидат и над Уствот и над законот и над тие ратификувани меѓународни конвенции. Но, со постојниот закон 353, тоа токму ни се случува во Република Македонија и ќе се случува доколку не се измени овој член.

Јас сакам да бидам јасна и да кажам дека ВМРО Народна партија не е против постоењето на ова кривично дело, тоа што го кажа и господинот Жарко Караџоски, затоа што во јавноста се шпекулираше со еден куп невистини. Значи ВМРО Народна не е против постоењето на ова кривично дело, како и на другите кривични дела во казни кои се однесуваат на заштита на службената должност, ниту пак е против основните постапки кои би требало да бидат поведени против сторителите на овие кривични дела. Меѓутоа ВМРО Народна е против постоење на дело во Кривичен законик со кој генерално, непрецизно, со бланкетните норми е заокружена одговорност на сторителите на тоа дело, со што сега и во иднина се овозможува селективен пристап кон поведување и водење на кривичните постапки, не врз основа на закон, туку врз основа на подзаконски акти. Примерот со одредбата или мотивот заради кој ВМРО Народна, колегата Жарко Караџоски и наредниот амандман поднесен од мене, како и многу други одредби од Кривичниот законик, затоа што, ќе повторам, не само овој член и многу други членови од Кривичниот законик претставуваат рецидив од минатото или едноставно се препишани од поранешниот систем, укажува на потребата ургентно и неопходно да се извршат измени на Кривичниот законик, да се прочисти од се она, дури и самиот премиер, господинот Бучковски во своја изјава рече дека ова кривично дело 353, точно е дека претставува рецидив од некое минато време и сега ако премиерот рекол е до тогаш, сега вели друго. Јас не знам како луѓето ќе сакаат сериозно да му веруваат на него и на политичката партија која ја претставува, ако еднаш вели дека тоа е рецидив и кој треба да претрпи извесни промени. Еве ВМРО Народна вели ние бараме 353 да се смени со тоа што ќе си остане и казната, си останува и кривичното дело, но истото да биде утврдено со посебни закони. Да не го злоупотребуваме ова кривично дело за реваншизам и да не употребувам потешки зборови во однос на искуството што го имаме откако дојде премиер уште Хари Костов, а и претходно кога беше министер за внатрешни работи, тоа му беше единствена работа, да бара луѓе и да покренува обвинителни акти и истрага само за 353, или по основ на 353.

И уште еднаш сакам да укажам на нешто. Имено, вакви парцијални измени на Кривичниот законик, нема да го направат она за кое ни укажува целокупната меѓународна јавност, за кое самите ние сме свесни 15 години, ама некако не можеме да се освестиме и да почнеме да го работиме тоа. Значи парцијалните измени не водат кон борба против корупцијата, бидејќи корупцијата кај нас е навлезена во сите пори на нашето општествено живеење. Жал ми е што во Република Македонија нема една обмислена и целовита превентивно репресивна стратегија за сузбивање на корупцијата која пак индирекно ќе овозможи да има се помалку сторители на вакво кривично дело, 353. Ние донесовме еден куп стратегии и програми и за образование и Национална програма за Ромите, за десет години, меѓутоа оваа Влада кога дојде дури и министерот за финансии господинот Никола Поповски рече - од денес нема корупција во Република Македонија. Таа негова славна изјава во Собранието не верувам дека некој пратеник не ја запамтил. Но, сметам дека во пракса тоа не е така како што сака да не убеди и премиерот и министерот за финансии и сите оние кои велат дека ние се бориме против корупција. Едно време имаше и една хајка, ајде да им ги земеме дискреционите права на министрите. Ајде, да им ги земеме дискреционите права и на тоа остана. Дури и Претседателот на државата во неговото ценето мислење за дискреционите права кажува дека тоа ќе претставувало сигнал да се зголеми корупцијата, дека дискреционите права до сега биле погодно тло и како што кажав “Праксата покажа дека дискреционите овластувања се најпогодно тло за криминал и корупција. При нивното користење службените лица не смеат да се водат од лични мотиви и интереси”. Јас се прашувам зошто тој ист Претседател кога беше премиер на Владата не направи нешто да ги скрати тие дискрециони права, за во 2006 година да немаме проблеми, јас ќе кажам за злоупотреба на членот 353 од Кривичниот законик. Од тие причини јас барам од колегите поддршка за амандманот. Се надевам тоа не излегува надвор од нивниот делокруг на размислување, со вакviот амандман. Нека се потрудат, да размислат за она што го кажав јас, што ќе го кажат и другите колеги и што го кажаа претходните, па сами нека оценат дали овој член 353 треба да стои така како што го предлага Владата, или ќе треба да го допрецизираме, како што кажа колегата Жарко Караџоски.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Краљевски имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Се надевам дека во моето релативно кратко обраќање нема да се повторувам со претходно искажаните тези и ставови на моите колеги. Но не е без причина да повторам дека на денешнава седница предмет или точка на расправање ни е измената и дополнувањето на Кривичниот законик на Република Македонија. Еден дел од измените и дополнувањата се по предлог на Владата и се

состојат во изменување и дополнување на Кривичниот законик со кривични дела од областа на изборното право. И веднаш ќе кажам дека ние како пратеничка група на ВМРО Народна партија предложените измени и дополнувања што се однесуваат на изборното право или поточно речено кршењето на изборното право ги поддржуваме и на тој начин ќе придонесеме кон јакнењето на дисциплината и на правилниот однос кон изборниот процес. Исто така на таков начин се допринесува претстојните парламентарни избори да априорно го добијат квалитетот на фер и демократски избори.

Вториот сегмент од денешнава расправа е по предлог на колегата Жарко Караџоски. Јас би кажал и пошироко, по предлог преку него, по предлог на пратеничката група на ВМРО Народна партија за измена и дополнување на членот 353 од Кривичниот законик што значи точно на кривичното дело злоупотреба на службената положба. Што беа мотивите на пратеничката група односно колегата Жарко Караџоски да се поднесе амандман со кој се изменува постоечката правна норма во Кривичниот законик, конкретизирано низ членот 353. Мотивите беа да се отстрани една нејаснотија и можност за злоупотреба во политичка смисла злоупотреба една теоретска и практична можност на оние кои го применуваат правото, поточно кривичното право и поточно таа конкретно правна норма членот 353 а тоа се јавното обвинителсто и судот тие во примената на правото да не кажам тие да не ја злоупотребат својата службена положба, позицијата на јаво обвинителство, позиција на суд и со прешироко, слободно толкување на таа правна норма да нанесат зло или штета на оние кои ги подведуваат под таа кривична и правна норма.

Со оглед на тоа што правните норми ги применува обвинителството и судот, а во фаза која се стремиме обвинителстовото и судот и сите правосудни институции да ги направиме независни од извршната власт и таа една мала нишка, што ги поврзува да кажеме, преку овој член извршната власт со оние што го применуваат правото, да се раскине и да се оневозможи во целата диспозиција на тие органи, па би рекол, дури да добие начинот на примена на правото конкретно низ оваа норма и на некаков начин дискреционо овластување на тие органи во примената на оваа норма кон припадниците на поранешната власт. Поранешна власт може да добие секоја политичка партија, односно да го добие епитетот, ако сакате поранешна власт. Кога ќе си заминете од власт, секогаш сте поранешна власт и секогаш постои можност и влијание на целата власт врз институциите на системот за злоупотреба низ примена на правото со припадниците на поранешната власт.

Тоа беа мотивите што ние го поднесовме овој амандман, со кој се менува кривичното дело од членот 353, злоупотреба на службена положба.

Во што се состои промената? Промената се состои во тоа што конкретно низ овој амандмна на колегата Жарко Караџоски, се состои во тоа што искористувањето на службената положба, или овластување, таа реченица се изоставува, или се брише, бидејќи многу е нејасно што значи тоа искористување на својата службена положба, бидејќи делува и тафтолошки, доволно е кога ќе се каже службено лице. Под дефиницијата на службено лице се знае дека тоа лице врши некаква своја службена положба. Груб е зборот искористување на својата службена положба. Значи, правните теоретичари оваа правна норма ја подвеле, или ја класифицирале во областа на бланкетните правни норми, а тоа убаво го кажаа колегите претходно дека бланкет значи нешто бело, нешто што треба да се пополни, чиај содржина треба допрва да се внесе, а за жал, таквата можност да внесуваат содржина, или да го дефинираат тоа недозволено дејствие, условно речено, им се остава можност на органите кои ќе ја применуваат оваа норма. А тоа се јавното обвинителство и судот. Според тоа, со прифаќање на овој амандман би се сменила диспозицијата на овие два државни органа, односно на судската власт и на јавното обвинителство како државен орган и под нивна дискреција, и од нивна диспозиција, тоа би поминало во точно, конкретно дефинирање низ една законска форма, специјален закон во кој би биле пропишани тие конкретни, недозволени однесувања на службените лица, би се донеле нормално, со законска процедура, а се знае каква е законската процедура за носење на закон и тежината на таквиот нормативен акт.

Според тоа, целата оваа заврзлама околу поднесувањето на овој амандман дојде поради непотпишување на указот за прогласување на измените и дополнувањата на Кривичниот законик, од страна на Претседателот на државата.

Во неговото образложение стои дека наводно, се менувало битието на кривичното дело, злоупотреба на службената положба и во овластување и се стеснува неговиот обем, што се декриминализира еден од облиците на ова кривично дело.

Мислам дека образложението на Претседателот на државата, кое го коментирам во функција на мојата дискусија, по овој амандман, не држи. Мислам дека е да не речам, лицемерно образложението.

Со поднесениот амандман, воопшто не постои никаква декриминализација на ваквите општествено опасни дејствија, што се подведуваат под областа злоупотреба на службената положба.

Со поднесениот амандман, само се конкретизираат таквите дејствија во посебни закони, во оние области каде што службените лица работат и ги променуваат тие посебни закони. Што значи, ако едно службено лице работи во областа на финансиите, на Министерството за финансии во било кој сектор, треба да се донесе специјален закон во областа на финансиите со кој ќе се пропише кои се

овластувањата на службеното лице, кои се пречекорувањата, конкретно да се опишат и тие пречекорувања, односно злоупотреби, конкретно опишани во тој специјален закон, претставуваат дефиниција на кривичното дело злоупотреба на службената положба. А оној основен облик, корегиран со амандманот што јас би сакал да биде поднесен од страна на колегата Жарко Караџоски, само би упатувало начелно, значи бланко, дека таквото кривично дело ќе постои, ако е пропишано, конкретно како што го дадов примерот во некој закон од областа на финансиите и ако тоа службено лице што е вработено и што врши функција во областа на финансиите го изврши точно така конкретизирано тоа кривично дело.

Значи, образложението од Претседателот на државата дека постои декриминализација на одредени општествено опасни дејствија што ги вршат одредени службени лица, не е точно тоа образложение. Затоа што ние не велиме да се избрише кривичното дело по член 353 и да не постои како кривично дело во Кривичниот законик.

Ние велиме, не може вака бланко да се даде во диспозиција на оние кои го применуваат правото, тие да толкуваат како што сакаат, туку точно има да земат во раце специјален закон каде точно е опишано што претставува дефиниција на тоа кривично дело и на овој начин, упатувачки, од овој член 353 да се упатат на тој специјален закон и така да го применат тоа кривично дело, се разбира ако постои некакво незаконско дејствие од страна на тој функционер или од страна на службено лице.

Уште еднаш ќе повторам, образложението во писмоето што го испратил претседателот на државата до вас, односно до пратениците дека постои декриминализација на еден од облиците на ова кривично дело, не е точно.

Е сега, можеби би било целисходно да искоментирам што би било точното образложение, кога до крај би бил искрен Претседателот на државата.

Имено, во Република Македонија постојат одредени закони, условно да ги наречам специјални области на јавните дејности, во кои имаме веќе пропишано одредени кривични дела, во таквите специјални закони. Меѓутоа, одредени области, исто така, не се покриени со дефиниција на одредени општествено опасни дејствија на службените лица или на функционерите кои работат во тие одредени области. Тие, такви закони, допрва би требало да ги донесе Собранието во законска процедура и да ги дополни, однонсо или да ги дополни досегашните закони, со тоа што точно ќе издефинира или ќе ги наброи кои се тие општествено опасни дејствија во одредена област од јавниот сектор, сектор каде што функционираат службените лица. Меѓутоа, тоа бара време. Бара одреден протек на време, бара да се конституира новото собрание, па во законска процедура да ги дополни тие закони со дефинирање на одредени кривични дела, каде што основното кривично дело, пак повторувам, ќе остане во членот 353 злоупотреба на службена должност.

Меѓутоа, ако се усвои, односно ако го потпишеше указот за прогласување на законот Претседателот на државата, тогаш почнатите постапки ќе се подведеа под новиот закон, што значи поблаг закон евентуално за оние сторители против кои веќе се води постапка, односно за оние обвинети. И, како поблаг закон ќе требаше да се прекинат тие постапки. Се разбира, освен ако не беа подведени под некои општествено опасни дела што се веќе пропишани во тие специјални закони. Ако се гонеа само по членот 353 од КЗ, тогаш ќе се прекинеа тие постапки се до донесувањето на проширувањето, односно изменувањето и дополнувањето на специјалните закони во кои што ќе се дефинираат овие кривични дела. Ама, до тој период ќе се применува поблагиот закон и ќе се прекинеа постапките. Тоа е правата вистина зошто не е потпишан указот за прогласување на закон и зошто се дава образложение што несоодвествува на вистината.

Ние, со амандманот, бараме една теоретска и практична можносто за злоупотреба на овој член 353 да се избрише. Како колатерална корист или штета, како сакате, за кого како, ќе беше прекинувањето на започнатите постапки по член 353 .

**Љупчо Јордановски:** .Внимавајте, не бидете контрадикторни.

Тоа го нарекуваат амнестија.

**Чедомир Краљевски:** Меѓутоа, со образложението дека се врши декриминализација се негира нашата права заложба за конкретизирање на кривичното дело 353. Тоа е колатерална корист за нас или штета за некого. Меѓутоа, што да правиме? Нам ни беа мотивите да исправиме една теоретски правна неправда во Кривичниот законик. А, образложението е дволично, така би рекол, ајде лицемерно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Кралевски.

Господине Стојаноски имате збор, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

Најнапред, сакам да искажам едно разочарување од една ваква непријатна ситуација пред која што е доведен Парламентот, затоа што особено во непријатна ситуација сме доведени сите оние кои веќе еднаш гласавме за ваков амандман, а сега има лица, членови на Парламентот кои молчешкум прифаќаат ова да помине без тој амандман.

Не знам кога беа во право тие лица кои гласа тогаш, кога гласаа сега или кога тогаш, односно сега кога молчат и гласаат согласно партиските директиви. Меѓутоа, тоа и не е толку важно, за што бевме сведоци повеќе пати во текот на мандатот на овој Парламент. Важни се целите

што треба да се постигнат со овој амандман. И, навистина, од сета онаа врева што се крена во јавноста, во медиумите, од страна на одредени центри што не сакаа или не им беше во полза да се измени членот 353 став 1 од Кривичниот зкаоник на Република Македонија.

Свесен сум дека и министерката за правда е на ставот на тоа дека она што значи дел од реформите во правосудниот систем, дека ова прашање мора да се реши на начин што ќе претставува исклучување на можноста за злоупотреба на членот 353 од Кривичниот законик, дали тоа сега беше време или не беше време или можеше или не можеше, тоа е прашање околу кое што сега повеќе би спореле, затоа што сите сме согласни и сигурен сум дека тоа е една од препораките на Меѓународната заедница, дека не треба ниту судството да се користи за пресметки со политички неистомисленици, пресметки со конкуренти во економијата, за линчување на поединци кои пречат на одредени центри на моќ кои имаат некаква полза тие лица да бидат остранети, а во суштина значи штета не за оние кои страдаат, не за лицата кои неправедно лежат во притвор, не за лицата кои се жигосани со непочитувањето на презункцијата на невиност, туку тоа е слика за Република Македонија и тоа е слика за нашиот однос кон стратешките цели што треба да ги има нашата држава.

Затоа јас сакав на овој начин да ја почнам мојата дискусија за членот 353 став 1, односно амандманот на овој член и за да биде јасно за што зборуваме, сакам да се осврнам на неколку поенти или точки, меѓутоа за да биде појасно морам да прочитам за што всушност се работи.

Согласно Кривичниот зкаоник, членот 353, има четири ставови. Првиот став гласи: “Службено лице кое со искористување на својата службена положба”, туку е употребен зборот “искористување”, па продолжува “или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист”, значи недефинирано, “или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од 6 месеци до три години”.

Ставот 2 од членот 353 вели: “Ако сторителот на делото од став 1 ќе прибави поголема имотна корист”, значи овде се зборува за имотна корист, а во првиот став за некаква корист, што значи дека не е исто, ова дефинитивно значи дека и самиот член, самиот по себе не е кокнзистентен. Значи, “ако сторителот на делото прибави поголема имотна корист или предизвика поголема имотна штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години”.

Ставот 2 вели:”Ако сторителот на делото од став 1 прибави значителна имотна корист, или нанесе значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор од една до 10 години”.

И, ставот 4 вели: “Ако делото од став 1 е сторено при вршење на набавки или на штета на средствата на Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години”. Не знам како на друг начин може да биде извршено делото, затоа што сигурно службеното лице нема да обезбеди корист за друг од сопствени средства, туку тоа ќе го прави на штета на институција со која раководи, всушнос на шета на буџетските средства со кои што располага.

Тоа значи дека членот 353, само ќе потсетам дека е воведен во  2000 година и тоа беше израз на волјата на тогашната Влада на господинот Георгиевски да се почне со една битја против кокрупцијата, што заземе невидени размери со процесот на приватизацијата во Република Македонија.

Ќе ве потсетам дека големиот бранител на битката против корупцијата, господинот Бранко Црвенковски како претседател во овој момент на Република Македонија во 1995 – 1996 година го укина овој член, што овозможи да се случи приватизациониот грабеж во Република Македонија. Јас не знам дали таа личност беше истата, тогаш кога го укинуваше овој член, или сега кога не го потпишува Законот со кој што се прецизира борбата против и употребата на овој член 353, што претставува борба против злоупотребата, односно против пречекорувањето на границите на службените овластувања од страна на службените лица, или неизвршување на нивната службена должност.

Значи, да одиме со ред, ова е членот со кој што дефинитивно сум сигурен дека никој од правниците кои што се занимаваат со оваа проблематика, а и оние кои што не се занимаваат, ќе бидат согласни дека е проблематичен, најмалку кажано. Можноста за влијанието на центите на моќ, врз донесувањето на судските одлуки врз основа на овој член согласно потребите и нинтересите на тие центри на финансиска, политичка моќ, или не знам каква друга моќ, дефинитивно претставува основниот мотив за оваа врева која што се крена со прецизирањето на овие одредби, затоа што со прецизирањето на овој член 353, ќе беше оневозможено влијанието врз судијата, или врз судовите и носењето на одлуки согласно нивните потреби. Значи онаа старата поговорка, крадецот вика држете го крадецот, се употреби и во оваа ситуација. Оние лица кои што сакаа да се изврши прецизирање на битието на кривичното дело, дефинитивно беа прогласени за заштитници на корупцијата, или не знам што се друго, а овние кои што ја промовираа и ја доведоа корупцијата до овие рамки  до кои што се наоѓа сега Република Македонија станаа и се промовираат како најголеми борци против корупцијата. Сето тоа, со една единствена цел, да продолжи нивното влијание врз судството и да можат да нарачуваат за донесување на судски пресуди, согласно политичките или економските потреби

на тие центри. Затоа, јас сметам дека ова прашање требаше да се реши многу порано, а сега во овој предизборен период се се сведува на една битка, која што е битка без крај, без логична завршница, што ќе значи конкретен резултат за решавање на овие проблеми за кој што зборувам.

Понатаму, целта на судството е заштита на правата и слободите на граѓамните, преку правна сигурност, затоа што граѓаните да знаат што се нивни права и нивни обврски мораат да имаат прецизни одредби дефинирани во законите.

Ние во членот 353 став 1, а зборуваме за став 1, а не за ставови кои што ги прочитав имаме одредба со која што лицата, граѓаните на Република Македонија, независно дали се од оваа, од минатата или од незнам која друга власт, не знаат во кој момент можат да бидат подведени по членот 353 став 1. Зошто го зборувам ова? Затоа што за да може едно службено лице да ги врши своите овластувања, односно со други зборови да ја користи својата службена положба за целите за кои што е поставено како службено лице, а кои што му се дадени согласно законите на Република Македонија и одлуките на телата од кои што зависи неговото работење, нема да може да носи одлуки. Зошто нема да може да носи одлуки? Затоа што во овој член стои службеното лице, кое со искористување на својата службена положба или овластување.

Во донесувањето на одлуки јас сакам малку да го проанализирам. Значи, едно службено лице треба да донесе одредена одлука, која што се однесува на предметот на неговата активност, на неговата работа. За да ја донесе таа одлука, како и секој друг нормален човек ги става на вага аргументите за и аргументите против. И носи одлука доколку смета аргументите за, се во толкав процент, кои што ќе значат донесување на добра, квалитетна одлука која што ќе значи реализација на целите за кое што е поставено тоа службено лице. Меѓутоа, секогаш има и аргументи против. Тие аргументи против можат да бидат процентуално 20 или 30%.

Што се случува? Се случува кривична пријава во однос на таа одлука. Таа кривична пријава доаѓа до Јавното обвинителство кое што вели – искористување на службената положба е затоа што лицето пошло на службен пат, иако не требало да појде. Зборувам како најбанален пример. Тоа доаѓа до судијата. Судијата треба да донесе одлука дали има искористување на службената положба од лицето кое отишло на службен пат. И, треба да оцени дали во тој момент постоеле доволно причини за да се отиде на службен пат, да се потпише некаков документ или да се земе накаков акт или да се добијат некакви насоки од евентуално повисокиот орган.

Доколку, а сигурно има и аргументи против, затоа што можеби во тој момент, во неговата институција имало некаков проблем што не можел да се предвиди, што требало да биде решен. Тогаш судијата, при ваква кривична пријава, што би одлучил? Дали судијата нема право да донесе осудителна пресуда на лицето кое во услови кога се случило нешто во неговата институција, некој проблем, заминал на службен пат во Скопје или на друго место?

Тоа значи дека буквално за секоја донесена одлука од страна на службеното лице може да се примени членот 353 став 1 и на тој начин судијата или судиите или судството дефинитивно станува орган или институција што ја контролира извршната власт, меѓутоа не да ја контролира во однос на почитување на законите, затоа што во основа тоа е функцијата на судовите, почитување на правата и заштитата на граѓаните, туку ја контролира во однос на опуртунитетот на одлуката што ја донело службеното лице. И сега, ако треба накој судија да донесе некаква одлука, а знаеме колкав е степенот на независност на нашето судство, впрочем тоа беше и една од причините за реформите што започнаа со уставните амандмани и продолжија со донесувањето на останатите закони, тогаш тој судија кој е должлен кон некого кој го поставил за судија, а кој може да биде претставник на една, друга или трета политичка партија или да биде претставник на една, друга или трета финансиска моќна група или групација, ќе мора да го слуша, затоа шт во спротивно ќе биде сменет од судија. Тоа е онаа ситуација за која што ние зборуваме и оние сутиации што треба да бидат избегнати.

А тоа, имајќи предвид дека презункцијата на невиност во Република Македонија претставува само мислена именка, имајќи го предвид 111-то место од страна на Фридом Хаус во однс на слободата на медиумите во Република Македонија, дефинитивно линчот, како на Дивиот запад, станува една модерна форма за уништување на интегритетот на достоинството на цели фамилии, не на личноста која работела, се трудела, сакала да направи онолку колку што може, можеби и згрешила, меѓутоа тоа не значи дека треба да биде кривично одговорна за таа работа. Треба да се види дали таа грешка е направена во однос на начинот на работењето како дел од тековните грешки кои што ги прави секој човек, или е направена со цел за да направи директна штета на институцијата и да прибави, како што се вели и во самиот закон значителна имотна корист, да троши на незаконски начин буџетски средства и навистина да претставува дело за кое што треба и мора да се гони по службена должност.

Ова што го зборувам сега, тоа е што се бара со овој амандман. Јас знам дека убедувањата од овој тип може да звучат само зборови кои што нема да допрат до оние кои треба да ги притиснат копчињата, меѓутоа, знам дека вие сте спремни тоа да го направите доколку немате притисок од јавноста, доколку немате притисок од други структури на кои што им одговара судството сеуште да дише на шкрги, а не да може слободно да ги штити правата и слободите на граѓаните на Република Македонија .

Уште да диши под шкрги, а не да може слободно да ги штити правата и слободите на граѓаните на Република Македонија.

Не сакав да навлегувам во правната терминологија, затоа што доволно беше зборувано од тој аспект. Сакам само да зборувам малку околу имотната, или неимотната, односно некаквата корист која што стои во законот. Тој што ќе прибави со пречекорување на границите на своето овластување, или со неизвршување на својата службена должност за себе или за друг, некаква корист, која е таа некаква корист. Дали тоа значи ако некој го вработи соседот, тоа претставува некаква корист. Дали тоа не е дел од пречекорување, односно искористување на својата службена положба, со тоа што го вработил соседот. Сепак, постојат лични релации. Или вработил член на неговото потесно семејство, или пошироко семејство. Дали тоа значи дека сите оние што биле службени лица во одреден мандат на одредена влада треба да бидат под стрес, под страв, после заминувањето на таа влада, дека можат да бидат подведени под искористување на својата службена положба. И дека ова го знае сето и актуелната власт, јас морам да го потврдам со еден факт, за кој што сите ние сме сведоци. Прелистајте ги листовите кои што доаѓаат од страна на Владата, прелистајте ги и ќе видите дека сите веројано имаат некакво искуство околу добивањето на некаков акт од страна на административните органи, решение, записник, заклучок и не знам што, ќе видите дека на сите тие акти, наместо службеното лице, кое е носител на одговорноста, имате потписи на три, четири, пет или повеќе лица. Што е целта на толкав број на потписи на еден акт. Целта е да се подели одговорноста, затоа што никој не е сигурен дека она што го носи како одлука, утре нема да биде ставено во контекст на членот 353 став 1 од овој закон. Јас за ова зборувам и затоа велам дека Република Македонија како држава многу губи од овој член. Нема да добие ни еден, ни друг ни трет, сите заедно ќе изгубиме до колку остане вака како што е. А јас сум сигурен дека по изборите истите тие кои што сега се протагонисти на тоа дека борбата против корупцијата се спречува на овој начин, ќе бидат првите, меѓутоа не сами, туку под влијание на лицата од Меѓународната заедница, кои што ќе се борат за истото ова, за кое што јас сега зборувам, а тоа е прецизирање на одредбите на овој член. И уште една работа, тоа е што со телата кои што носат одлуки, а претставуваат колективни тела. Што со одлуките на Владата на пример, што со одлуките на органите на управување. Кое е одговорното лице што со тие одлуки може да си направи многу поголема штета, отколку само со одлуките на службеното лице. Дали санкционирањето на овој начин ќе значи одговорност на целата Влада која би заминала, а потоа би се ставила на суд, затоа што би донела одлука за премер, за продажба на градежно земјиште, заради на некакви трговски центри. Или се работи за некаква сигурност дека ние сме моќни, ние сме од високата политика и нас нема да не чепне овој член, меѓутоа, некој друг што е понастрана од нас ќе си го однесе.

Ако е та логиката, јас не можам да разберам за каква правна држава зборуваме во Република Македонија. Затоа, она што беше силно најавување борба против дискреционите права на министрите, јас не можам да разберам и не гледам никаква логика, ако на еден министер му е дадено дискреционо право, што е тоа. Значи сам, по сопствена волја да донесува одлуки за одредено прашање, право да одлучува и после некој да го цени тоа дискреционо право, тој може да го цени секогаш дека не било во ред, независно колку е тоа добро и независно колку е тоа лошо.

Значи, ако дискреционите права мора да постојат, тогаш мора да постојат граници на тие дискрециони права, лимити до каде што може да се оди, граници. Тоа не е направено, тоа не се прави и сега што се случува? Од страна на пример на еден министер се користи дискреционото право, се доделува градежно земјиште и судот треба да оцени дали таа одлука кој што ја донел, согласно законските прописи, со огласувањето кое што го има, кое што го користи, или искористува, согласно овој член како што пишува, дека не смеел тоа да го направи, затоа што дискреционото право треба да го преоценува некој судија заедно со двајца или четворица поротници и на тој начин да се доведува под знак на прашање секоја одлука на секој член на извршната власт.

Ако целта е дерогирање на извршната власт, после дерогирањето на Парламентот кој што го имавме во овој претходен период, ние дефинитивно не одиме никаде, освен во еден правец, во правецот на темниот Западен Балкан. Зборувам за темниот, за оној дел на кој што единствено му одговара да не се поместиме од оваа ситуација во која што се наоѓаме денеска и да не зборуваме за владеење на право, за ефикасен судски систем и тн.

Затоа е едно она што треба да го направиме. Да направиме услови за одговорна власт, да направиме услови за вршење на овластувањата на службените лица без да им стои на главата “дамаклов меч”, кој што може да падне во секој миг и без притоа, да се остава право на било кој , независно дали е тој судија или некој друг моќник во одредена ситуација да одлучува за судбината на поединец, врз основа на тоа дали му е симпатичен или не, дали мисли како него или не мисли како него и дали има исти или спротивни финансиски или економски интереси во одредена ситуација. Тоа е она што сакав да го кажам, тоа е она што треба на сите да ни биде јасно, меѓутоа, жал ми е, што аналитичкото новинарство малку повеќе не посвети време и простор и внимание на ова прашање и се се сведе на амандман. Ова прашање не е амандман. Ова е суштинско прашање за иднината на Република Македонија. Зборувам со огромна сериозност.

Не сакам да должам повеќе, не сакам да зборувам за борците против корупцијата, не сакам да зборувам повеќе са Антикорупциската комисија, која што најголемата активност ја покажува преку медиумските настапи, за разлика од игнорантскиот однос кој што спрема неа се покажаа многу важни институции, кои што требаше да соработуваат со неа. Дали борбата против корупцијата може да се сведе на непотпишувањето на еден закон со некаква аргументација за дневно политички цели од страна на лица кои што решија афери како “ТАТ” и други. Значи, ако малку не држи сеќавањето, тогаш треба да направиме нешто, што ќе значи иднина, а не судбина. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Молам пратениците да влезат во салата, да се договориме за натамошната работа.

(Со седницата продолжува да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Дали можеме да собереме кворум или не?

Од она што можам јас да се уверам и да видам, очигледно кворум нема да биде обезбеден.

Тука ќе ја прекинеме седницата пред гласањето.

Би сакал само да информирам дека оваа седница ќе ја продлолжиме во понеделник во 11,00 часот. Жал ми е што толку малку пратеници има овде да им се заблагодарам за соработката. Одработивме многу, резултатите не изостанаа и она што најмногу ме прави горделив е тоа дека се разделуваме како пријатели.

Бидејќи јас во понеделник нема да бидам тука, можеби тоа ќе биде и последна седница, ви благодарам уште еднаш и се надевам дека оние пратеници кои што ќе бидат пратеници во следниот мандат, оваа атмосфера ќе ја пренесат во следниот парламентарен состав.

Ви благодарам. (Аплауз).

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).